safejournalists.net

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2021



# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2021 година

**Автори**
**Милан Спировски**
**Билјана Настеска Каланоска**

**Наслов**
Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите во 2021

**Издавач**
Здружение на новинарите на Македонија
Скопје, 2022

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

**Автори**
Милан Спировски и Билјана Настеска Каланоска

**Лектор**
Маја Катарова Апостолова

**Рецензентка**
Марина Тунева

**Тираж**
50

**Дизајн**
comma.rs

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и Балканскиот фонд за демократија, проект на Германскиот Маршалов фонд на Соединетите држави и Министерството за надворешни работи на Норвешка. Содржина на публикацијата е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и на авторите и не ги одразува нужно гледиштата на Европската Унија и Министерство за надворешни работи на Норвешка, Балканскиот фонд за демократија, Германскиот Маршалов фонд на Соединетите држави, или неговите партнери.

Norway

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

# Содржина


**Вовед** **7**

**А Правна заштита** **9**

А1 Правни гаранции за слободата на медиумите и новинарите и нивна примена во праксата 9

А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите 13

А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите 14

А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите 16

А5 Заштита на изворите на информации 17

А6 Право на пристап до информациите 18

**Б Положбата на новинарите во редакциите** **21**

Б1 Економски ограничувања во новинарската работа 21

Б2 Уредувачка независност во приватните медиуми 22

Б3 Уредувачка независност во јавниот радиодифузер 23

Б4 Уредувачка независност во непрофитниот сектор 24

Б5 Слободата на новинарите во процесот на продукција на вестите 25

Б6 Економска положба на новинарките 26

**В Безбедноста на новинарите** **29**

В1 Статистика за безбедноста и за неказнивоста 29

В2 Однесување на државните институции и политичките актери кон заштитата на новинарите 31

В3 Однесувањето на граѓанскиот и кривичниот судски систем кон заканите и насилството врз новинарите 33

**Заклучоци и препораки** **39**

# Преглед и опфат на проектот

Здруженијата на новинарите од земјите од Западен Балкан, со поддршка на Европската комисија,[1] формираа заедничка платформа Safejournalists.net за да ги следат промените во законодавството и практиката на своите земји и да се вклучат во различни активности за застапување насочени кон унапредување на политичкото, законодавното и институционалното опкружување во кое работат новинарите и медиумите. Почнувајќи од 2020 година, членовите на платформата ја следат состојбата во седум земји (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Северна Македонија, Црна Гора, Косово[2] и Србија). Секоја година, проценката на состојбата се врши врз основа на стандардизирани методи за собирање и анализа на податоци[3], додека фокусот на истражувањето за застапување е на промените и во традиционалното и во онлајн медиумското опкружување во земјите од Западен Балкан.

1 *Во декември 2019 година, Европската комисија го одобри тригодишниот проект Safejournalists.net, чија цел е зајакнување на националните новинарски здруженија во земјите од Западен Балкан за тие да станат успешни и одговорни независни актери во застапувањето за примена на стандардите на ЕУ во областа на медиумските слободи, со долгорочна цел за унапредување на правото на граѓаните на информиран избор. Оваа акција претставува надоврзување на претходниот проект (Регионална платформа за Западен Балкан за застапување за слободата на медиумите и безбедноста на новинарите), и е заснована врз знаењето и искуството изградено во периодот 2016-2018 година. Акцијата е поддржана од Програмата за граѓански организации и медиуми 2020-2022, Поддршка на регионални тематски мрежи на граѓански организации.*

2 *Ова име е без прејудицирање на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата и независноста на Косово.*

3 *Првото издание на Методологијата за ова истражување за застапување беше развиено во 2016 година и доусовршено во текот на годините за да ја рефлектира состојбата во земјите од Западен Балкан. Истражувањето за застапување го дизајнираа и го координираат Снежана Трпевска и Игор Мицевски, истражувачи на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Северна Македонија. (www.resis.mk).*

# Методолошка белешка

Методологијата на истражувањето е составена од три групи индикатори развиени врз основа на систематска анализа на различни упатства произведени од релевантни меѓународни организации. Во текот на претходните години, првично развиените квалитативни индикатори беа рафинирани за да се опфати карактеристичниот социо-политички контекст на Западен Балкан и специфичните потреби и интереси на новинарите во седумте земји.

Беа применети низа различни истражувачки методи за собирање и анализа на податоци со цел да се одговори на индикативните прашања поврзани со секој специфичен индикатор:

- Осврт врз студии, анализи, извештаи од истражувања, документи за политики, стратегии и други документи;
- Квалитативна анализа на правни документи;
- Пребарување и анализа на информациите објавени на веб-страниците на јавните институции и други организации и тела;
- Пребарување и анализа на соопштенијата за јавноста, објави и други информации произведени од професионалните организации;
- Секундарни податоци собрани од здруженија на новинари;
- Длабински интервјуа со експерти, новинари, креатори на политики итн.;
- Фокусни групи со новинари, и
- Анкети со новинари (во некои од земјите).

На национално ниво, новинарските здруженија номинираа национални истражувачи за да го спроведат собирањето на податоците и да напишат наративни извештаи, кои потоа беа разгледани од номинирани национални експерти и од водечките истражувачи. Во Република Северна Македонија, Здружението на новинарите на Македонија како национални истражувачи ги номинираше Милан Спировски и Билјана Настеска Каланоска, а Марина Тунева како експерт за медиуми, за да го рецензира извештајот.

*Табела 1: Показатели на степенот на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите*

| **А. Правна заштита** | **B. Положбата на новинарите во редакциите** | **C. Безбедност на новинарите** |
|---|---|---|
| A.1 Правни гаранции за слободата на медиумите и нивно спроведување во пракса | B.1 Економски ограничувања на слободата на новинарите | C.1 Статистика за безбедноста и неказнивоста |
| A.2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите | B.2 Уредувачка независност во приватните медиуми | C.2 Однесување на државните институции и политичарите кон заштитата на новинарите |
| A.3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите | B.3 Уредувачка независност во јавниот радиодифузер | C.3 Однесување на кривичниот и граѓанскиот правосуден систем кон заканите и насилството врз новинарите |
| A.4 Слобода на работа и на здружување на новинарите | B.4 Уредувачка независност во непрофитниот сектор | |
| A.5 Законска заштита на новинарските извори | B.5 Слобода на новинарите во процесот на производството на вестите | |
| A.6 Заштита на правото на пристап до информации | B.6 Економска положба на новинарките | |

Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ДИК | Државна изборна комисија |
| АВМУ | Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| МРТ | Македонска радио телевизија |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| МИМ | Македонски институт за медиуми |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МИА | Медиумска информативна агенција |
| ИРЛ | Истражувачка репортерска лабораторија |

# Вовед

Највисок правен акт на Република Северна Македонија е Уставот, кој ја дефинира државата како парламентарна демократија со поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Слободата, еднаквоста, владеењето на правото и почитувањето на човековите права на сите граѓани се највисоки вредности во уставното уредување на земјата. По правило, по секои парламентарни избори, владата ја формираат политичките партии од македонскиот и од албанскиот блок што освоиле најмногу гласови на изборите. Во 2021 година, по речиси 20 години, во Република Северна Македонија се спроведе Попис на населението и домаќинствата, во кој се попишани вкупно 1.832.696 лица и 568.175 домаќинства. Со оглед на фактот што официјалните детални резултати од пописот сè уште не беа објавени додека се подготвуваше овој извештај, овде се наведени податоците од последниот попис спроведен во државава во 2002 година. Вкупното население тогаш изнесувало 2.022.547 жители, со различна етничка припадност: Македонци 65,17%, Албанци 25,17%, Турци 3,85%, Роми 2,66%, Срби 1,78%, и помал процент припадници на други етнички заедници (Бошњаци, Власи, Бугари, Црногорци и др.).

На последните локални избори што се одржаа во октомври 2021 година се случија големи промени на политичката сцена: опозициската ВМРО-ДПМНЕ освои многу повеќе градоначалнички места и места во општинските совети од владејачкиот СДСМ[4]. Како резултат на изборниот неуспех, лидерот на СДСМ и ак-

4 *ДИК, „Објава на првични резултати од спроведените избори за градоначалници на општините, од спроведен втор изборен круг", Северна Македонија: 2021.* https://bit.ly/3NMppun

туелен премиер поднесе оставка по што следуваа внатрепартиски избори, а потоа и избор на нова влада. Долгоочекуваните медиумски реформи дополнително беа одложени поради овие процеси, не беше избран новиот состав ниту на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија. Се одложи и усвојувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот закон[5] со кои се овозможува системска заштита на новинарите во случај на повреда на нивните права и слободи, како и измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда[6] со кои се намалува висината на надоместокот за нематеријална штета за новинарите, кои уште во август беа влезени во собраниска процедура.

Конечната штета од пандемијата предизвикана од ковид-19 е сѐ уште тешко да се процени, но, според раните процени, падот на бруто домашниот производ се движи од 4 до 6 отсто. Привремените владини мерки за поддршка (надоместоци за вработените, ослободување од даночни придонеси и придонеси за социјално осигурување и др.) имаа важно фискално влијание, но само делумно ја ублажија тешката состојба во која се најде економијата. Иако 2021 година беше особено тешка за медиумите поради намалувањето на приходите од огласување, владата и медиумскиот регулатор, во извесна мера, ги ублажија негативните ефекти од економската криза преку различни облици на директни и индиректни субвенции. Дополнителен извор на приход за медиумите беа средствата од политичкото огласување во периодот на изборната кампања, но општа е загриженоста дека тоа ја поткопува независноста на уредувачката политика.

Анализите[7] на регулаторот покажуваат дека буџетите во изминатите години се намалуваат, а десетина радиодифузери во минатата година престанале да функционираат. Медиумите тешко опстојуваат на малиот, но преполнет медиумски пазар. Во телевизискиот сектор постои јавен сервис (со 5 ТВ канали) и 45 приватни ТВ канали. Доминантна платформа за прием на ТВ програми е кабелската (61,7%), потоа IPTV (23,7%), DVBT (9,9%), интернет (4,4%) и сателитската платформа (3,1%). На радискиот пазар постои јавниот сервис (со 3 канали), 67 приватни радиостаници и 4 непрофитни станици. Во секторот на печатени медиуми се објавуваат: 5 дневни весници, 2 неделника и околу 11 други публикации. Постојат и меѓу 150 и 200 домашни дигитални медиуми. Новите технологии целосно го променија слободното време на публиката. Речиси 80 проценти од публиката се информира на интернет.

Новинарите и медиумските работници и натаму се економски несигурни и речиси не постојат колективни договори со кои се штитат нивните работнички права. И во 2021 година имаше случаи на сериозни онлајн-закани кон новинари, но институциите не беа доволно ефикасни во откривањето и казнувањето на напаѓачите. Сепак, за одбележување е дека еден од случаите (коментар со омраза напишан на фејсбук-страницата на ЗНМ) заврши со судска пресуда со условна казна затвор за сторителот на ова дело.[8]

5 *Собрание на РСМ, Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон. Пристапено на 7.1.2022. Детали за материјали (sobranie.mk).*

6 *Собрание на РСМ, Предлог на закон за граѓанска одговорност од клевета и навреда. Пристапено 7.1.2022. Детали за материјали (sobranie.mk)*

7 *АВМУ, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, Скопје: 2021. Пристапено на 11.1.2022. https://bit.ly/3tPzmyZ*

8 *ЗНМ. „Условна казна затвор за коментар со омраза напишан на Фејсбук страната на ЗНМ“. Пристапено на: 29.12.2021, https://bit.ly/3uK7bRg*

# A

# Правна заштита

## A1 Правни гаранции за слободата на медиумите и новинарите и нивна примена во праксата

Дали е загарантирано правото на слобода на изразување и информирање? Дали тоа опфаќа и пристап до интернет? Дали овие правни гаранции се спроведуваат во пракса?

Основните гаранции за слободата на изразување и независноста на медиумите, освен во Уставот, се вградени во медиумските и во неколку други закони. Сите овие закони го опфаќаат и правото на пристап до интернет, односно не постои посебна регулатива со која се регулира само интернетот. Оценката за примената на овие гаранции е позитивна, пред сè поради фактот што во споредба со 2020 година, бројот на регистрирани закани и напади врз новинари и медиуми беше намален повеќе од половина. Сепак, и покрај намалениот број напади, новинарите и медиумските работници и понатаму се чувствуваат несигурни поради праксата на неказнивост, особено на случаите од претходните години.[9] Според овогодинешниот Индекс[10] на Репортери без граници, во 2021 го-

9 *Милан Спировски и Верче Тодоровска Костовска, „Северна Македонија–Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите", Скопје: 2020. Пристапено на: 23.12.2021. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/08/MK-MK-2020.pdf*

10 *Репортери без граници, „Северна Македонија: Извештај на Репортери без граници за 2021 година", Пристапено 11.1.2022. https://rsf.org/en/north-macedonia*

дина, Северна Македонија беше за две места повисоко на оваа листа и се најде на 90-то место, од вкупно 180 земји во светот. Еден од основните проблеми што ги истакнува извештајот на Репортери без граници е токму опстојувањето на културата на неказнивост и нападите врз новинари: „Ситуацијата со медиумите се влоши, високи владини претставници продолжија да се заканувааат и да ги навредуваат медиумите, а се зголеми и малтретирањето и вербалните напади врз новинарите на социјалните мрежи.“

И во 2021 година, Собранието не ги спроведе најавените активности за избор и именување на раководните одлучувачки тела во МРТ и во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), и покрај јавно упатените барања од страна на еснафските здруженија. Тие уште на почетокот на 2021, јавно побараа[11] изборот и именувањето на овие тела да бидат изгласани со двотретинско наместо со просто мнозинство во Собранието.

### Дали медиумските и другите закони важни за новинарите беа донесени низ транспарентен и инклузивен процес и во консултации со релевантните професионални организации?

Владата на нетранспарентен начин иницираше измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со цел повторно да се воведе државното рекламирање, но предлогот беше повлечен. Медиумските организации остро се спротивставија на предложените измени и дополнувања на Законот, со образложение дека тоа уште повеќе ќе ги зацврсти финансиско-клиентелистичките врски меѓу приватните медиуми и власта.

Најавеното усвојување на измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда и на измените и дополнувањата на Кривичниот закон, во поглед на поголема заштита на новинарите и медиумските работници, не се случи ниту во 2021 година. Иако во 2020 година, ЗНМ беше вклучено и консултирано при изработката на измените на овие два закона, сепак, негова суштинска забелешка е дека процесот на измени на овие закони беше бавен и без утврдена временска рамка за усвојување и за имплементација.[12]

### Дали властите се обидоа да наметнат регистрација или други построги услови за основање печатени или онлајн-медиуми? Дали барањата одат подалеку од вообичаената деловна и даночна регистрација?

Не постојат никакви посебни барања за основањето печатен или онлајн-медиум во земјава, освен вообичаената постапка на регистрација на медиумот како деловен субјект пред надлежните органи. За печатените медиуми важат минимални обврски утврдени во Законот за медиуми, во поглед на основните услови за издавање, обврската за јавност во работењето, заштитата на изворите на информации, заштитата на малолетниците, забраната за говор на омраза и повикување на насилство и неколку други обврски поврзани со внатрешната организација и актите на издавачите. Содржината на онлајн-медиумите не е воопшто предмет на медиумската легислатива, бидејќи во медиумската заедница преовладува ставот дека тие треба да се предмет на саморегулација. Во насока на зајакнување на саморегулацијата, како и со цел да се подигне нивото на професионализација и стандардите во онлајн-новинарството, ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) продолжија со промоција на Регистарот на онлајн-медиуми,[13] кој беше воспоставен во декември 2019 година и кој беше посочен во Извештајот на Европската комисија[14] како добра пракса. Бројот на регистрирани членови во Регистарот на професионални онлајн-медиуми во 2020 година беше 138, а на крајот на 2021 година се зголеми на вкупно 152 членови.

Во април 2021 година, ЗНМ СЕММ и агрегаторот Time.mk[15] договорија онлајн-медиумите од Регистарот на професионални онлајн-медиуми Промедиа.мк да бидат јасно назначени на веб-страницата на агрегаторот (https://time.mk/blue), со цел да се препознаат професионалните и етички онлајн-медиуми. Саморегулацијата на медиумскиот простор со ова

11 *ЗНМ, ССНМ, МИМ и СЕММ, „Изборот на органите во МРТ и АВМУ со просто мнозинство е ризичен“, Скопје: 2021. Пристапено на 12.12.2021. https://bit.ly/3ITNgV8*

12 *Иако измените во Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда беа предвидени уште во „Планот 18“ од 2018 година, работната група на Министерството за правда што беше формирана во јуни 2019 година, почна да работи дури кон крајот на 2020 година.*

13 *Регистар на професионални онлајн-медиуми – Промедиа. www.promedia.mk*

14 *Европска комисија, „Извештај од Европската комисија за Северна Македонија за 2021 година“, Стразбур: 2021. Пристапено на: 25.01.2021. https://bit.ly/36lFWi6*

15 *ЗНМ, СЕММ и Тиме.мк, „Регистарот на професионални онлајн медиуми на Time.mk“, Скопје: 2021. Пристапено на 7.2.2022. https://bit.ly/3qP46Oy*

добива нов квалитет, чекор плус за професионализација на онлајн-сферата, како една од алатките кон зголемување на медиумската писменост во државата, но и за заштита на граѓаните од информации што не се обработени според Кодексот на новинари и стандардите на новинарската професија. Процесот на приклучување кон Регистарот и понатаму останува отворен за медиумите што ги исполнуваат критериумите наведени на веб-страницата на СЕММ: https://www.semm.mk/chlenstvo/pravila-za-chlenstvo.

### Дали властите се обиделе да го ограничат правото на пристап до интернет или да бараат блокирање или филтрирање содржини на интернет?

Како и претходната, така и во 2021 година не е регистриран обид од страна на владата или од друг државен орган за блокирање или филтрирање интернет-содржина. Оценката е дека правото на слобода на изразување во интернет-просторот слободно се користи од страна на граѓаните, медиумските и другите организации.

### Дали регулаторното тело ја извршува својата мисија и своите функции на независен и недискриминаторски начин? Дали процесот на доделување дозволи и другите регулативи за емитување се спроведуваат на фер и неутрален начин?

Во 2021 година, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) не нотираше критики за функционирањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ). Работата на АВМУ може да се оцени како независна и објективна, без дискриминациски однос кон одделни аудиовизуелни медиуми. АВМУ, во изминатата година, коректно и непристрасно вршеше мониторинг на локалните избори. И оваа година не беа избрани новите членови на Советот на АВМУ поради политички несогласувања на партиите во Собранието, што упатува на тоа дека политичките партии сè уште немаат намера да се откажат од влијанија врз регулаторното тело.

### Дали постојат законски одредби што се однесуваат на државното огласување во медиумите и дали тие се злоупотребуваат за политичко влијание врз нивната уредувачка политика? Дали распределувањето на државните средства се прави на транспарентен, фер и недискриминациски начин? Дали државните институции редовно ги објавуваат податоците за сумите што се доделени на различни медиуми?

Државното огласување е забрането со измените на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од декември 2018 година, а уште во 2015 година, владата донесе одлука за целосен мораториум на државното огласување, на барање на ЗНМ и на невладиниот сектор. Минатите години, оваа одлука се почитуваше, но на локално ниво општините и јавните претпријатија, сепак, издвојуваа средства од буџетите наменети за приватните локални медиуми, што во основа ја поткопуваше нивната независна позиција. Одделни новинарски истражувања[16] потврдуваат дека дел од општините и досега не ја почитувале законската рестрикција и потпишувале различни видови договори со радиодифузери за да дадат средства од локалните буџети во медиумите, а сепак да не го прекршат законот.

Во мај 2021 година, владата најави можност за укинување на забраната за рекламирање со јавни фондови во приватните аудиовизуелни медиуми, што наиде на сериозна критика од ЗНМ и од другите новинарски и медиумски организации[17], бидејќи тоа може да ја загрози уредувачката независност на медиумите, дополнително да го наруши и онака ранливиот медиумски пазар и да го засили клиентелизмот. Ставот на ЗНМ е дека е нужно да им се помогне на медиумите, посебно кога финансиската криза е зголемена, но тоа би требало да биде на транспарентен и недискриминациски начин. ЗНМ се заложи за идејата да се формира фонд за медиуми со јасно утврдени критериуми, при што секој медиум би можел да аплицира за проекти од јавен интерес.[18]

Со цел да ги намали економските последици од пандемијата, во април 2021 година, владата доне-

16 *БИРН Македонија, „Владини кампањи на чекор назад до медиумите“, Скопје: 2021. Пристапено 11.12.2021. https://bit.ly/3tRoaC6*
17 *ЗНМ, ССНМ, СЕММ и МИМ, „Не ни треба реприза со платените јавни кампањи во медиумите“, Скопје: 2021, Пристапено на 9.1.2022. https://bit.ly/3BXrXju*
18 *ЗНМ, „Јавните кампањи во медиумите треба да се бесплатни“, Скопје: 2021. Пристапено на: 26.2.2022. https://bit.ly/3w8Ayfn*

се неколку пакети економски мерки[19], меѓу кои, преку Развојната банка, беше предвидена бескаматна кредитна линија од еден милион евра со цел да се поддржат медиумите што емитуваат радио и телевизиска програма. Покрај тоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука[20] да ги запре сите покренати постапки за одземање дозволи врз основа на неплатен годишен надоместок за радио и телевизиско емитување. Воедно, од страна на регулаторот беше одлучено да не се покренуваат нови постапки за одземање дозволи поради неплаќање на надоместокот за дозволите за 2021 година. На сите радиодифузери што имаат извршено целосна или делумна уплата на надоместокот за дозволата за радио или телевизиско емитување во 2021 година, Агенцијата одлучи да им ги врати средствата најдоцна до 13 март 2021 година.

## Дали постојат медиумски субвенции или фондови за производство на медиумски содржини од јавен интерес и како тие се спроведуваат во пракса?

Владата и во 2021 година усвои Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми во висина од 30 милиони денари, што е значително помал износ во споредба со минатите години.[21] Програмата се спроведува четврта година по ред, со цел да се поддржат печатените медиуми од општ и информативен карактер. За доделувањето на средствата одлучува комисија, во која, покрај претставници на надлежните институции, членуваат и по еден претставник на Асоцијацијата за заштита на националните печатени медиуми и на ЗНМ. Комисијата за 2021 година донесе одлука врз основа на јасно дефинирани критериуми, а висината на одобрената поддршка е утврдена врз основа на доставените фактури за календарската 2020 година. Сепак, не постои механизам за проверка како се користат доделените средства.

## Кои се механизмите за финансирање на медиумите на јазиците на заедниците?

Освен радио и ТВ-програмите на јазиците на етничките заедници, во рамки на јавниот радиодифузен сервис, не постојат други механизми за финансиска поддршка на медиумите на јазиците на различните етнички заедници. На крајот од 2021 година, во секторот на радиодифузијата функционираа 19 телевизии и 13 радија што емитуваат програма на некој од јазиците на етничките заедници што живеат во Северна Македонија[22]. Најголем број од овие приватни радиодифузери емитуваат програми на албански јазик, додека помалите етнички заедници (Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци) речиси немаат пристап до програмите на приватните телевизии и радија. Недостига соодветна медиумска политика за решавање на овој проблем, што се рефлектира врз вкупната плуралистичка слика во медиумите во РСМ.

## Дали самостојноста и независноста на јавниот радиодифузен сервис се загарантирани и ефикасно заштитени? Дали рамката за финансирање обезбедува негова независност и негово стабилно функционирање? Дали надзорните тела го претставуваат општеството во целост?

Реформата на јавниот сервис беше едно од клучните прашања во рамки на барањето на невладиниот сектор за спроведување сеопфатни реформи во медиумската сфера во земјава. Ова барање, пред сè, беше поврзано со зголемувањето на буџетот за овој медиум, како и со потребата да се обезбеди негова поголема независност почнувајќи од изборот на новите членови на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија (МРТ). Финансирањето на МРТ беше темелно изменето во 2018 година, кога од радиодифузна такса (јавна давачка) се премина на фиксен процент од Буџетот на РСМ, со цел да се обезбеди долготрајно и стабилно финансирање. И покрај тоа, МРТ сè уште се соочува со финансиски проблеми поради задолженоста од претходните години, а и поради фактот што владата не и ги исплаќаше целосно средствата според динамиката предвидена во законот. Според пресметките на ЗНМ, МРТ во 2021 година доби најмал приход во последните три години. Од друга страна, програмските обврски на МРТ се дури и зголемени со отворањето на 24-часовен канал на албански јазик и новите тематски сервиси (детски и спортски канал).

*Реформата на јавниот радиодифузен сервис е во рана фаза и треба да и се даде приоритет во Собранието на РСМ. Финансиските средства наме-*

19 *Влада на РСМ, „Соопштение за доделување на шестиот пакет економски мерки“, Скопје: 2021, https://vlada.mk/node/24947?ln=mk*

20 *АВМУ, „Финансиска поддршка за надомест на средствата за дозвола за РА и ТВ емитување“, Скопје: 2021 година, https://bit.ly/3Mby1d6*

21 *Влада на РСМ, „Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2021 година“, Скопје: 2021. Пристапено на: 10.01.2021. https://bit.ly/3tTwrW9*

22 *Регистар на ТВ и радиски радиодифузери на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, АВМУ. Пристапено на 19 февруари 2022. https://avmu.mk/radiodifuzeri-mk/*

*нети за финансиска поддршка на редовното работење што МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 1.564.500.000 денари или 95,7 проценти од вкупните планирани приходи. Овој износ е утврден врз база на достапните информации на веб-страницата на Министерството за финансии за реализирани вкупни приходи на ниво на државата во текот на осум месеци од 2021 година, а во согласност со член 105 став 1 и членот 45 од важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ, каде што е наведено дека почнувајќи од 2021 година, па натаму, за финансирање на радиодифузната дејност, од Буџетот на РСМ треба да се издвојат средства во износ од 1 процент од реализираните вкупни приходи во годината што и претходи на фискалната година за која се утврдува износот.*[23]

Телото што, всушност, треба да ги осмисли и спроведе реформите во МРТ е Програмскиот совет, но изборот на нови членови, како едно од клучните барања за подигнување на нивото на независност на МРТ, не се случи ниту во 2020, ниту во 2021 година. Наместо тоа, Собранието донесе одлука за продолжување на мандатот на постојните членови, без да спроведе нова постапка на избор. Ова тело подготви нацрт-стратегија за петгодишен развој на МРТ и спроведе консултации, во кои свои предлози и забелешки дадоа ЗНМ и други релевантни организации и експерти. Во консултациите беше нагласено дека е позитивно што Програмскиот совет одлучил да донесе стратегија за развој, но дека е потребна сериозна доработка на овој документ.

Европскиот парламент ги повика властите во државава да ги засилат медиумските реформи и да овозможат поголема независност на националниот јавен сервис. Во текстот на Резолуцијата се повикуваат властите бргу да ги спроведат системските медиумски реформи, кои ќе придонесат за повторно заживување на конкуренцијата, да се зголеми независноста и капацитетот на јавниот радиодифузен сервис и медиумскиот регулатор и да се поддржи истражувачкото новинарство“[24].

23 *МРТ, „Предлог финансиски план на јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година“, Скопје: 2021. Пристапено на: 14.2.2022. https://bit.ly/36Oi8Jn*

24 *European Parliament, European Parliament resolution of 25 March 2021 on the 2019-2020 Commission Reports on North Macedonia (2019/2174(INI)), Strasbourg: 2021, p. 11. https://bit.ly/3wRVzyc*

## А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите

### Дали одредбите од законите за клевета се премногу строги и дали ги заштитуваат државните функционери? Кои се главните недостатоци на овие закони?

Во декември 2020 година беше изработен нов текст за измена и дополнување на Законот, во кој беа прифатени речиси сите предлози на ЗНМ за намалување на висината на надоместокот за нематеријална штета при утврдена вина на новинар и дополнување на деловите за исклучување од одговорност за клевета и навреда. Целта на предлозите на ЗНМ беше предвидените казни да се намалат, со цел да не влијаат негативно врз слободното и критичко новинарство.

### Колку тужби се покренати против новинари од страна на државни функционери во текот на минатата година? Дали судските одлуки против новинарите се политички мотивирани? Какви се изречените казни?

Бројот на тужби за клевета и навреда кон новинари и медиуми е многу намален откако е декриминализирана клеветата и навредата. Така, за разлика од 2012 година, кога биле регистрирани 330 тужби[25], во 2016 година имало 40, во 2017 година 39, а во 2020 година 33 предмети во кои странка е новинар или медиум. Според добиените податоци од Основниот граѓански суд Скопје, вкупниот број активни предмети во кои како странка е новинар или медиум во 2021 година изнесувал 20. Во текот на изминатата година, ЗНМ нема регистрирано завршена постапка или процес во кој бил осуден некој новинар или била изречена каква било казна. Тоа покажува дека клеветата и навредата сè помалку се користат како инструмент за притисок врз новинарите и медиумите.

### Дали судовите го признаваат механизмот за саморегулација (доколку постои)? Дали ја прифаќаат валидноста на објавениот одговор, исправка или извинување?

Според адвокатите со кои соработува ЗНМ, кои застапуваат новинари во судски предмети за дела

25 *ЗНМ, „Анализа: Пресуди за клевети и навреди на судски предмети со новинари“, Скопје: 2018. Пристапено на: 21.1.2022. https://znm.org.mk/analiza-presudi-za-kleveti-i-navredi-n/*

поврзани со клевета и навреда, судиите генерално ги земаат предвид одлуките на Советот за етика во медиумите при начинот на водење на судската постапка. Освен тоа, има зголемена пракса адвокатите да ги користат одлуките на СЕММ во судските постапки како дополнителен аргумент во полза на новинарите. Покрај тоа, во образложенијата на пресудите, во кои најмалку една од странките е новинар, честопати се цитираат случаи од Европскиот суд за човекови права, што претставува напредок во споредба со минатото.

*„Целта на саморегулацијата е, всушност, да се избегнуваат судски постапки, односно претставува можност „оштетените“ лица, во случаи на навреда и клевета, да бараат морална сатисфакција кај саморегулаторните тела. Тоа значи дека доколку саморегулаторното тело донело одлука против новинарот или медиумот, а оштетеното лице, сепак, повело граѓанска парница... поради навреда и клевета, Судот, одлуката на саморегулаторното тело треба да ја смета како обид за ублажување на штетата, а не да ја третира како отежнителна околност против тужениот новинар или медиум. Како и барањето за извинување и повлекување согласно законот за навреда и клевета, така и одлуката на саморегулаторното тело има за цел да ја ублажи штетата, односно да се задоволат личните права на оштетениот.“ Иван Брешковски, правен експерт и адвокат.*[26]

Што мислат новинарите за Законот за клевета? Дали се обесхрабрени да истражуваат и да пишуваат критички?

Дел од новинарите и медиумските работници[27] сметаат дека тужбите за клевета и навреда повеќе се користеа како инструмент за притисок кон нив во минатото. Сепак, и во 2021 година имаше примери на притисок врз новинари со поднесување тужба за навреда или клевета од страна на политичари или финансиски моќници.

За случај на притисок од финансиски моќници посведочи новинарка што учествуваше во фокусните групи:

*„Бевме мета на притисок кога истражувавме за сторијата на Истражувачката репортерска лабораторија – ИРЛ за нелегалната набавка и продавање отпадно масло како лажен мазут во земјава, кој потоа бил користен како енергенс во болници, државни установи, министерства, но и во големи индустриски капацитети како „Фени“, „Бракo“ и сл. Во прикажната беше посочен тогашниот вицепремиер за економски прашања Кочо Анѓушев. Тој се закани кон редакцијата на ИРЛ и уредничката Сашка Цветковска со тужба за која судската постапка сè уште е во тек.“*

## А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите

Дали политичкиот плурализам во медиумите е регулиран во медиумското законодавство надвор од изборните периоди? Кои се обврските на јавниот сервис и на приватните радиодифузери во однос на политичкиот плурализам надвор од изборните периоди?

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не го спомнува експлицитно „политичкиот плурализам“ како обврска на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кога не е време на изборна кампања. Сепак, начелата за вршење на дејноста го содржат членот 61[28], кој се однесува на сите радиодифузери и кој регулаторот го користи како основа за мониторинг на нивното известување во периодот од распишувањето на изборите, па сè до формалниот почеток на изборната кампања, кога се применуваат одредбите предвидени во Изборниот законик. Обврските за МРТ, во однос на ова прашање, освен во начелата за вршење на дејноста, се предвидени и во членовите 110[29] и 111. Членот 111, кој се однесува на стандардите и начелата при продукција или емитување на програмите на јавниот радиодифузен сервис, посветува неколку точки на прашањето на плурализмот и балансираноста во програмите на МРТ. Точка 2 им наложува на новинарите и уредниците на МРТ „да се придр-

*26 Иван Брешковски, правен експерт и адвокат, интервјуиран на 20.1.2022.*

*27 За потребите на ова истражување беше спроведена онлајн фокус група со новинари на 24.12.2021 година.*

*28 Членот 61 од „Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ го уредува начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“. https://bit.ly/3NIjmaa*

*29 Во член 110 од „Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ се утврдува обврската на јавниот сервис: „да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање создавајќи и емитувајќи висококвалитетни програми за сите важни политички, економски, социјални, здравствени, културни, образовни, научни, религиски, еколошки, спортски и други настани и случувања...“. https://bit.ly/3NIjmaa*

жуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта“.

### Дали регулаторното тело е должно да го следи и да го заштитува политичкиот плурализам надвор од изборните периоди?

Иако не е дефинирана експлицитна обврска на регулаторот да го следи политичкиот плурализам во период надвор од изборна кампања, сепак во општите надлежности на регулаторот е наведено дека „се грижи за заштитата и развојот на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“, што го подразбира и овој аспект на политичкиот плурализам. Регулаторот во минатите години има спроведувано анализи на политичкиот плурализам и надвор од изборен период, за што има усвоено и посебен Прирачник.[30]

### Дали политичките партии и кандидати имаат фер и еднаков пристап до медиумите во периодот надвор од изборните периоди?

Во текот на 2021 година, ниту регулаторот, ниту друга организација нема спроведено анализа на политичкиот плурализам во вестите, така што тешко е да се одговори прецизно дали политичките партии имаат фер пристап до информативните програми на аудиовизуелните медиуми, во периоди надвор од изборите. Сепак, генерална оценка на медиумските експерти е дека состојбата денес е значително подобрена во споредба со периодот до 2016 година, кога највлијателните аудиовизуелни медиуми постојано известуваа под влијание на партијата на власт. Но, иако радиодифузните медиуми, во целина, известуваат за различни политички гледишта, загрижува фактот што во дневно-информативните емисии, како содржина доминираат вестите за „препукувањата“ меѓу водечките партии.[31]

### Кои се законските обврски на медиумите за време на изборните процеси? Кое тело ги мониторира електронските и печатените медиуми?

Политичкиот плурализам во медиумското известување, во време на изборна кампања се регулира со Изборниот законик, што важи и за јавниот сервис и за приватните медиуми, а регулаторното тело е овластено да врши мониторинг врз програмите на радиодифузните медиуми. Одредбите од Изборниот законик за обврските на Јавниот радиодифузен сервис во постигнувањето баланс во дневно-информативните емисии се исклучително сложени. Имено, МРТ, освен принципот на пропорционалност, според кој треба да се раководат сите други радиодифузери, мора да ги структурира вестите и според сложена формула: 30 отсто прилози за дневни настани од државата и од светот, 30 отсто за активности на политичките партии од власта, 30 отсто за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција и 10 отсто за активностите на политичките партии што не се претставени во Собранието. Има и дополнителни обврски за подеднаков третман на сите учесници во изборите во пристапот до сите форми на изборно медиумско претставување, како и забраната медиуми да се јавуваат како донатори на изборните кампањи на одделни политички партии.

Повеќе одредби од Законот се однесуваат на платеното политичко рекламирање – дозволеното време, начинот на распределба на времето за политичко рекламирање итн. Постојат и одредби што го регулираат однесувањето на медиумите во време на изборниот молк, како и ограничувањата што се однесуваат на начинот на објавување на предизборните анкети. Од аспект на заштитата на политичкиот плурализам, сепак, најспорни се одредбите од Изборниот законик што се однесуваат на политичкото огласување. Ставот на ЗНМ е дека платеното политичко огласување во аудиовизуелните медиуми треба да се укине, бидејќи со него се влијае негативно врз уредувачката политика на медиумите, но, исто така, и се „изместува“ рамнотежата на спротивставени гледишта во јавната сфера. Ова дотолку повеќе што политичките партии имаат можност да го закупуваат медиумскиот простор со јавни средства, односно од Буџетот на РСМ. Прашањето што загрижува од аспект на заштитата на политичкиот плурализам е и тоа што платеното политичко огласување во периодот надвор од избори не е експлицитно забрането со медиумската легислатива. Овој вакуум во минатото беше злоупотребуван во облик на т.н. рекламирање на постигнувањата на партијата на власт, но со средства од Буџетот. Со цел да се надмине овој проблем, потребни се интервенции и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Изборниот законик, односно да се воведе забрана за платеното политичко рекламирање во приватните медиуми, во кој било период.

30 АВМУ, *„Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам“, Скопје: 2012. Пристапено на: 10.11.2021.* https://bit.ly/3NEJBxT

31 *Дејан Георѓиевски од Центарот за развој на медиуми, интервјуиран на 30.1.2021*

### Дали политичките партии и кандидати имаат фер и еднаков пристап до медиумите за време на изборните процеси?

Од спроведениот мониторинг на предвремените локални избори одржани на 15 октомври 2021 година, медиумскиот регулатор[32] заклучил дека сите комерцијални сервиси на национално ниво вложиле напори да обезбедат медиумско покривање на изборната кампања и речиси сите, освен што информирале во дневно-информативните емисии, за учесниците во изборите резервирале и повеќе посебни информативни програми. Сепак, приватните радиодифузери не ја покривале кампањата во согласност со принципите на еднаквост за кандидатите за градоначалници и пропорционалност за кандидатите за општински советници. Редакциите ја следеле изборната кампања прагматично, претежно според очекувањата од општото политичко искуство за досегашните изборни процеси, давајќи им приоритет на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ и на нивните коалициски партнери, а не според појдовните принципи од наведените законски барања. Но, „за таквата констатација има низа објективни причини, во случајов тргнувајќи од основната – огромниот број потврдени кандидати за градот Скопје, за скопските општини поединечно, но и за сите други општини во државата“[33]

Резултатите од мониторингот на ОБСЕ/ОДИХР[34] потврдуваат дека голем број медиуми, поделени според нивната политичка наклонетост, дејствуваат на мал пазар за рекламирање. Телевизиите и онлајн-медиумите се главни извори на политички информации. Јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио-телевизија (МРТ) се финансира од државниот буџет, што, според мислењето на некои соговорници на ОДИХР, се одразува на нејзината уредувачка независност.

## А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите

### Дали новинарите мора да бидат лиценцирани од страна на државата за да можат да работат? Дали имало обиди за воведување дозволи од страна на државата во текот на минатата година?

Во Република Северна Македонија, новинарската професија не подлежи на лиценцирање, но проблем е што Законот за медиуми сè уште содржи дефиниција за поимот новинар.[35] ЗНМ и другите медиумски организации, уште при усвојувањето на овој Закон во 2013 година, реагираа дека ова може да го ограничува слободното вршење на новинарската професија. Определувањето на тоа што е новинар и кој може да биде новинар не смее да биде предмет на закон, односно тоа е прашање што подлежи единствено на саморегулација од страна на новинарската професија.

### Дали новинарите биле одбиени да известуваат од одредени места или настани бидејќи немале акредитација?

Во 2021 година, ЗНМ забележа таков случај за време на локалните избори во земјава, во октомври 2021 година, од страна на членови на избирачки одбор во Тетово, како и од претставник на МВР кон новинарката Ферикан Илјази Арифи, дописничка на Еурошуз Албанија. Во врска со овој случај, ЗНМ поднесе претставки до Државната изборна комисија и до Одделот за внатрешна контрола при Министерството за внатрешни работи (МВР). Во 2021 година, за разлика од претходната година, за време на прес-конференциите во Владата немаше пречки за новинарите да поставуваат прашања, бидејќи беа организирани со почитување на здравствените протоколи за заштита од пандемијата со ковид-19.

32 АВМУ, „Извештај за медиумското известување во првиот круг од кампањата за Локалните избори 2021“, Скопје: 2021. Пристапено на: 24.12.2021. https://bit.ly/3BXgcK6

33 АВМУ, „Преглед на поведени прекршочни постапки од АВМУ за локалните избори 2021 година“, Скопје: 2021. Пристапено на: 26.1.2021. https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/

34 ОБСЕ/ОДИХР, „Република Северна Македонија: Локални избори 17 октомври 2021 година (Периодичен извештај)“, 2021. Пристапено на: 26.1.2022. https://bit.ly/3uPkhgl

35 Во членот 2 од „Законот за Медиуми“, поимот новинар се дефинира како „лице што собира, анализира, обработува или класифицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив, или лице што реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)“. https://bit.ly/35unYiP

**Дали и како новинарите се организирани во професионални здруженија? Дали има притисоци врз нивното здружение или врз некој од членовите?**

Поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија и во тој поглед немаше никакви пречки, ниту притисоци во текот на 2021 година. Најголемо и најстаро здружение е Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), основано во 1946 година, член на Меѓународната федерација на новинари (МФН) и на Европската федерација на новинари (ЕФН). ЗНМ е водечка медиумска организација, која ги обединува новинарите во РСМ за заштита на слободата на говорот, независноста на медиумите, преку залагање за почитување на највисоките етички стандарди за работа на медиумите и на новинарите. Здружението се стреми кон зголемување на новинарската солидарност и заедништво, како и кон подигање на професионалното ниво и етичките норми на новинарите во РСМ. Во овој период нема регистрирано притисоци кон ЗНМ или кон неговите членови.

**Дали и како новинарите се организираат во синдикати? Дали има притисоци врз лидерите на синдикатот и врз другите членови? Дали новинарите слободно може да пристапуваат во синдикатите?**

Во однос на заштитата на работничките права, новинарите и медиумските работници се организирани во рамки на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници – ССНМ, кој не е дел од ниту една синдикална организација на национално ниво. Постои и посебен синдикат на јавниот радиодифузен сервис, кој не е дел на ССНМ. Според претставниците на ССНМ, најчестата форма на притисок врз новинарите членови на синдикатот е кога сопствениците или менаџерите на медиумите избегнуваат синдикалната членарина да ја пресметуваат како дел од платата на новинарите, со што се случува тие да го изгубат статусот на членови на синдикатите.

*„И оваа година се забележува продолжување на трендот во некои поголеми медиуми суптилно да се попречува зачленувањето во синдикатот. Во државната агенција МИА, со поддршка на менаџментот, е формиран т.н. жолт синдикат[36]. Според информациите што ССНМ ги добил од своите членови по низа синдикални активности за почитување на некои одредби од колективниот договор, голем дел од членовите на ССНМ го откажале членството и преминале во таканаречениот жолт синдикат."[37]*

**Дали постои совет за етика во медиумите и како е организирано ова тело? Дали има притисоци врз претставниците на советот за етика?**

Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) е саморегулаторно тело, кое постои од декември 2013 година и во кое, врз доброволна основа, членуваат медиумите и професионалните медиумски организации. Услов за членување во СЕММ е придржувањето кон принципите и етичките стандарди на Кодексот на новинарите и прифаќањето на Статутот на СЕММ. Членките на СЕММ со тоа се обврзуваат и активно да се вклучат во процесот на медијација и да ги објавуваат одлуките на Комисијата за поплаки при ова тело. Кон крајот на 2019 година, на иницијатива на СЕММ и ЗНМ, беше формиран Регистарот на професионални онлајн-медиуми, а за да можат да членуваат во него онлајн-медиумите треба да почитуваат одредени критериуми,[38] кои ги вклучуваат следниве обврски: транспарентност на сопственичката структура, објавување импресум, потпишување на објавените содржини од страна на новинарите/автори, задолжително регистрирање на онлајн-медиумите како правни лица и др. Дополнително, при ЗНМ функционира и Совет на честа, како внатрешен саморегулаторен механизам, кој го следи почитувањето на Кодексот на новинарите од страна на новинарите членови на ЗНМ.

## А5 Заштита на изворите на информации

**Како се гарантира доверливоста на новинарските извори со закон? Под кои услови може да биде ограничено правото на заштита на изворите?**

Правото на заштитата на новинарскиот извор во РСМ е загарантирано во Уставот, но, исто така, и во

*36 EN: A trade union that is dominated or influenced by an employer and thus not properly independent. MK: Синдикат во кој доминира или е под влијание на работодавачот и со тоа не се смета за независен. https://www.yourdictionary.com/yellow-union*

*37 Дарко Дуридански, проектен менаџер во ССНМ, интервјуиран на 28.1.2022.*

*38 Правилата за зачленување на интернет-порталите во Регистарот се достапни на https://www.semm.mk/chlenstvo/pravila-za-chlenstvo*

неколку закони: Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Кривичниот законик, Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за заштита на укажувачите. Аспектите поврзани со начинот на заштита на доверливите новинарски извори, во сите овие закони се детално разработени. Во 2021 година, ЗНМ нема забележано пример кога на новинарите или на медиумските работници им било ограничено правото на заштита на изворите.

### Дали има примери кога биле изречени санкции против новинари што одбиле да го откријат идентитетот на своите извори?

Последниот случај на санкционирање новинари што одбиле да го соопштат идентитетот на изворот на информации беше забележан во 2019 година[39]. Во 2021 година не е регистриран ниту еден случај на барање од новинарите да го откријат изворот, ниту, пак, на нивно санкционирање поради тоа што одбиле да го соопштат неговиот идентитет.

### Дали новинарите можат слободно да пристапуваат и да остваруваат контакти со изворите на информации?

Генерално, при работењето истражувачки текстови, новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со доверливите извори на информации. Со новиот Закон за заштита на укажувачите[40] се уредени прашањата на заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите. Со измените на овој Закон од 2018 година се изврши усогласување со меѓународните стандарди пропишани во оваа област и се обезбедува поголема заштита на укажувачите. Во таа насока, новинарските извори се охрабрени и институционално се подобро заштитени. Во текот на 2021 година немало пријави во ЗНМ во врска со евентуални случаи на прекршувања на овој Закон.

39 *Станува збор за обвинението поднесено против новинар на порталот Инфомакс за објавување записник од активен случај во Обвинителството, во врска со што ЗНМ реагираше, нагласувајќи дека „Обвинителството не треба да ги гони оние што ги објавиле документите, туку личноста што имала пристап до службени тајни и ги изнела и ги дала на медиум... бидејќи ваквите судски прогони, дополнително можат да создадат негативен ефект врз слободата на говорот и да поттикнат самоцензура кај новинарите...“*

40 *„Закон за заштита на укажувачите“, 2016. Пристапено на: 09.12.2021. https://bit.ly/35u7pU9*

## А6 Право на пристап до информациите

### Кои се законските правила за пристап до официјални документи и информации што се релевантни за новинарите? Дали новинарите ги користат овие правила? Дали институциите ги почитуваат правилата, без одлагање?

Собранието на РСМ, во мај 2019 година усвои нов Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, според кој поранешната Комисија за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер се трансформираше во Агенција, чиј директор и заменик добија поголеми овластувања при решавање на жалбите и претставките од граѓаните. Најбитната измена за новинарите е намалувањето на рокот за одговор на барањето, односно за донесување решение, од 30 на 20 дена, со можност за продолжување за уште 10 дена. Во однос на ова прашање, новинарите велат дека често имаат проблеми со почитувањето на роковите од страна на институциите, како и со тоа дека содржината на доставените информации некогаш не соодветствува на барањето упатено до институциите.

*„Многу често ни се случува на уредно и навремено испратени прашања до некој имател на информации, да чекаме до последниот ден од рокот и на крајот од 4 прашања да добиеме општ одговор само на едно прашање“ – истакнува новинарката Бјанка Станковиќ, учесничка на фокус групата со новинари спроведена за потребите на ова истражување.*[41]

Во својот годишен извештај[42], Агенцијата за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер информира дека до неа немало ниту една доставена жалба од страна на баратели на информации. Новинарите што се занимаваат со истражувачко новинарство нагласуваат дека, за разлика од порано, комуникацијата со службениците на Агенцијата е подобрена, така што тие искажуваат разбирање за нивните проблеми и им нудат помош при користењето на Законот.[43] Според иску-

41 *Бјанка Станковиќ, новинарка, изјава во фокусната група со новинари спроведена на 24.12.2021.*

42 *Годишен извештај на Агенцијата за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Пристапено на: 20.1.2022. https://bit.ly/3qSlbr0*

43 *Фондација Метаморфозис, „Финален – сумарен извештај од набљудувањето на исполнувањето на реформските приоритети од областа на медиумите (2019-2020)“, Скопје: 2020. Пристапено на: 17.1.2022. https://bit.ly/3iUoYzH*

ствата на новинарите што поднесувале барања за информации до институции,[44] рокот за жалба дополнително го усложнува процесот, а праксата покажува дека имателите на информации од јавен карактер најчесто одговараат последниот ден од истекувањето на рокот.

### Дали властите се транспарентни, генерално? Дали обезбедуваат отворени, недискриминациски и фер релации со медиумите или повеќе сакаат да работат во тајност? Дали државните институции имаат привилегиран третман кон оние медиуми што им се политички наклонети?

Општа е оценката на повеќе експерти, новинари и организации дека состојбата со транспарентноста на институциите е подобрена, но и дека одделни државни институции сè уште не се доволно отворени и отчетни. Во анализата изработена од Центарот за граѓански комуникации,[45] во контекст на почитувањето на рокот за одговор од страна на институциите, се гледа дека од вкупно 460 барања упатени од Центарот за граѓански комуникации до различни институции на централната и локалната власт, во максималниот законски рок од 20 дена било одговорено на 51 отсто од барањата (234 барања). На 48 отсто од барањата (221 барање) е одговорено по законскиот рок, додека на 1 отсто од барањата (5 барања), институциите не одговориле ниту по донесено решение од Агенцијата.

### Колку Владата и министерствата се отворени за јавноста?

Новинарите истакнуваат дека во услови на пандемија, најголемиот број институции биле со ограничена транспарентност, или „толку колку што им одговарало на тие што ја водат институцијата“.[46] Поголемиот број министерства доцнеле со своите објави и соопштенија, а службите за односи со јавноста, со своите известувања честопати настојувале да го наметнат својот став или агол на гледање. Неретко се случувало носителите на функции да бидат дури потранспарентни од нивните служби за односи со јавноста, кои биле прилично затворени, но, сепак, се забележува унапредување на транспарентноста и отвореноста на институциите за разлика од порано. Сепак, кога станува збор за почитување на роковите за доставување одговори на претходно уредно поднесени барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, институциите секогаш го користат максималниот рок за давање одговор на прашањата.[47] Новинарите, генерално, оценуваат дека транспарентноста во 2021 година била унапредена, за разлика од претходните години. Се оценува дека транспарентноста на Владата на РСМ е подобрена, во однос на другите државни институции.

### Дали судовите се транспарентни? Дали медиумите имаат пристап до судските постапки без дискриминирање и без непотребни ограничувања?

На барање на Министерството за правда на Северна Македонија, во март 2021 година, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) достави предлог за измени на Судскиот деловник[48] кој е од важност за непречена работа на новинарите и навремено и точно информирање на јавноста за работата на судовите. За Предлогот беа претходно направени консултации со судии и претставници на ова министерство, како и со новинарите што известуваат за работата на судовите. Предложените измени се однесуваат на транспарентноста на работата на судовите, пристапот на новинарите до судските списи и судските рочишта, како и подобрување на квалитетот на информациите објавени на веб-страниците на судовите. ЗНМ укажа и на потребата од формирање регистар на портпароли на правосудните институции, кој би требало да е јавно достапен на веб-страниците на судовите и на страната sud.mk.

Според новинарите, судовите во Скопје имаат значително поголема транспарентност во споредба со судовите во внатрешноста: „Судовите во западниот дел на земјава не се доволно транспарентни и многу е тешко да се дојде до некаква информација од нив“.[49]

---

44 *Фокус групи со новинари и медиумски работници, организирани на 24.12.2021.*
45 *Центар за граѓански комуникации, „Анализа на спроведувањето на новиот Закон за слободен пристап на информации од јавен карактер“, Скопје: 2020. Пристапено на: 18.1.2021. https://bit.ly/3DtHNDi*
46 *Фокус група со новинари и медиумски работници, организирана на 24.12.2021.*
47 *Ибид.*
48 *ЗНМ, „ЗНМ со конструктивни предлози за подобрување на Судскиот деловник“, Скопје: 2021. Пристапено на: 28.12.202. https://bit.ly/36QyOA6*
49 *Салије Садику, новинарка на ТВ21, изјава во фокусната група со новинари одржана на 24.12.2021.*

## Дали е обезбеден пристап на јавноста до собраниските седници? Дали постојат ограничувања за новинарите да ја следат собраниската работа?

За Собранието на РСМ владее општо мислење меѓу новинарите дека е потранспарентно од претходно, иако често се случува да се одолжува доставувањето на бараните одговори. Претседателот на Собранието, Џафери одржува редовни брифинзи со новинарите со цел новинарите да бидат во тек со работата на Собранието и со плановите за работата на законодавниот дом. Но, новинарите што известуваат од Собранието не се целосно и најобјективно информирани од страна на координаторите на пратеничките групи, кои немаат воспоставено пракса на редовно информирање на новинарите за реализирањето на планираните активности, особено за несогласувањата меѓу власта и опозицијата или, пак, меѓу претседателот на Собранието и одредена пратеничка група. Новинарите и јавноста се информираат тогаш кога пратениците ќе одлучат дека „кавгата“ треба да излезе во јавност и кога ќе решат да држат прес-конференции[50].

50 ЗНМ, *„Транспарентноста на Собранието на Република Северна Македонија за време на пандемијата со ковид- 19“*, Септември, 2021. https://bit.ly/3tV9zFM

# Б

# Положбата на новинарите во редакциите

## Б1 Економски ограничувања во новинарската работа

Колку новинари имаат потпишано договори за работа? Дали имаат соодветна социјална заштита? Колку се високи платите на новинарите? Дали се исплаќаат редовно?

Во земјава сè уште не постојат прецизни податоци за тоа колку новинари имаат договори за работа, но општата оценка е дека многу новинари во приватните медиуми, главно, имаат договори на определено време или хонорарни договори. ССНМ, во своето најново истражување[51] за економската положба на новинарите и медиумските работници утврди дека 56,1 отсто од испитаниците новинари се редовно вработени на неопределено време, 19,1 отсто се вработени на определено време, 10,4 отсто работат со договор на дело, 12,2 отсто се ангажирани хонорарно, а 0,9 отсто се изјасниле дека работат волонтерски. На прашањето колку се задоволни од примањата и нивната економска сигурност, повеќе од половината новинари (56,7 отсто) се изјасниле дека се незадоволни. Притоа, 31 отсто се целосно незадоволни, а 25,7 отсто се главно незадоволни. Целосно задоволни се само 2,7 отсто, а главно задоволни 22,4 отсто. Тоа потврдува дека и

51 ССНМ, *„Безбедносната и Социо-Економската Состојба во Медиумите“, Скопје: 2022.* https://bit.ly/35uxWR7

во 2021 година, голем дел од новинарите и медиумските работници имаа исклучително несигурен работен статус.

И онака тешката социо-економска положба на новинарите беше дополнително влошена поради пандемијата предизвикана од ковид-19. Од почетокот на пандемијата, повеќето медиуми ги намалија платите на новинарите и медиумските работници, а голем број новинари се жалат и на тоа дека, како и претходните години, не им се исплаќа надоместокот за пензиско и социјално осигурување.[52] Најголем дел од новинарите имаат месечни примања далеку под просечната плата во земјава, која во 2021 година изнесуваше 28.869 денари. Но, платата, на најголемиот дел од младите новинари, според анкетата на ССНМ[53], не ја достигнува ниту оваа цифра. Шест отсто од анкетираните млади новинари одговориле дека земаат помалку од 25.000 денари, а дури 27 отсто од нив се платени помеѓу 15.000 и 20.000 денари. Останатите 12,9 отсто одговориле дека нивната плата е од 25.000 до 30.000 денари, односно 24,6 отсто дека имаат плата повисока од 30.000 денари. Нешто подобра е состојбата во јавниот сервис, каде што просечната плата на новинарите во 2020 година изнесувала 38.120 денари, иако се смета дека платите на новинарите, особено тие што не се почетници, се пониски од платите на новинарите во националните приватни телевизии.[54]

**Какви се условите за работа на новинарите? Кои се најголемите проблеми со кои се соочуваат на работното место?**

Новинарите и натаму работат прекувремени работни часови што не им се плаќаат, а работат без надомест и за време на празници и викенди. Карактеристика за минатата, но и за оваа година е што дел од новинарите, поради пандемијата, работеа од дома, а оние од поголемите редакции, како што се националните телевизии, работеа во смени. На дел од новинарите, работењето во услови на пандемија дополнително им го отежна извршувањето на професионалните задачи, особено на тие што беа изложени на стресни ситуации при известувањето од здравствените установи и болниците. Во истражувањето[55] спроведено од страна на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), во кое биле вклучени 150 испитаници што работат во медиумите, се посочува дека последиците од пандемијата со ковид-19, како страв, анксиозност, депресија и неизвесност, ги почувствувале 61 отсто од анкетираните испитаници. Половина од испитаниците работеле од дома, други работеле во групи, но дел од нив целиот период на пандемијата работеле известувајќи директно од настани и на своите работни места.

## Б2 Уредувачка независност во приватните медиуми

**Дали приватните медиуми имаат усвоено организациски документи кои овозможуваат редакциите да бидат одвоени и независни од менаџерските и маркетиншките структури? Дали приватните медиуми имаат воспоставено правила за уредувачка независност од сопствениците на медиумите и органите на управување? Дали тие правила се почитуваат?**

Од сознанијата со кои располага ЗНМ и од одговорите добиени преку разговорите со новинари и медиумски работници може да се заклучи дека вакви акти ретко постојат. Не постојат објавени податоци или прегледи од кои може да се утврди колкав број приватни медиуми имаат внатрешни организациски акти или правила, според кои, уредничкиот колегиум е и формално одвоен од менаџментот на медиумот. Во поголемите медиуми е вообичаено редакциите да се одвоени од менаџерските структури, но честопати се случува директорите да вршат притисок врз редакциите од аспект на тоа дека треба да работат на начин со кој ќе се обезбедат повеќе приходи од спонзорства или од огласување. Кога се работи за помалите локални медиуми, состојбата е уште посложена, односно притисоците се изразени на поинаков начин и доаѓаат и од сопствениците и од локалните моќници. Новинарите дури се

52 *Изјава на новинари-учесници во фокус група организирана на 24.12.2021 година.*
53 *ССНМ, „Анкета: Со плата под просекот, пола од младите новинари сакаат да ја напуштат професијата“, Скопје: 2021. Пристапено на 10.1.2022 година https://bit.ly/3K9ElQH*
54 *Особено загрозена категорија новинари се дописниците на МРТ, кои се помалку на број и имаат главно договори за привремен ангажман, кои можат да бидат лесно раскинати. Во ноември 2019 година беше објавен оглас за хонорарно ангажирање на десет дописници, што е напредок за МРТ, иако ЗНМ се залага за поинаков модел, со кој системски и трајно би се решила состојбата на оваа категорија новинари. Види повеќе: ЗНМ, „Документ за јавни политики: Статус и потреба на дописниците во Република Северна Македонија“, Скопје: 2019. Пристапено на: 16.12.2021. https://bit.ly/3elOYNd*
55 *ССНМ, „Страв и анксиозност е цената која новинарите ја платија при известување од пандемијата на ковид-19“, Скопје: 2021. Пристапено на: 12.01.2022 https://bit.ly/3qWNqVp*

жалат дека „...има премолчен договор за избегнување одредени теми“.[56]

**Дали редакциите на приватните медиуми имаат донесено внатрешни етички кодекси или се придржуваат кон општиот етички кодекс?**

Единствениот кодекс што важи за сите професионални новинари е Кодексот на новинарите на Македонија, усвоен во 2001 година[57], кој е основа за постапување и на Советот на честа на ЗНМ и на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија. Не постојат податоци за тоа дека приватните медиуми имаат свои посебни етички кодекси или правила. Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) неодамна изработи насоки за етичко известување на онлајн-медиумите,[58] односно насоки за примената на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата.

**Кои се најчестите форми на притисок на сопствениците на медиумите и менаџерите врз редакциите или новинарите? Кој беше најилустративниот пример на притисок од страна на медиумските сопственици или управителите во медиумите врз редакција или новинар во текот на минатата година?**

ЗНМ нема конкретни сознанија за извршен притисок од страна на менаџментот кон новинари во текот на 2021 година, но факт е дека новинарите ретко ги пријавуваат таквите случаи. Притисоците најчесто не се изразени како директни закани, туку се суптилни и малку видливи. Новинарите не ги тужат уредниците и медиумските сопственици кога се прекршуваат нивните права. На пример, во минатата година немаше ниту еден отворен судски случај каде што новинар тужи раководно лице за мобинг, а, исто така, нема ниту правосилна пресуда за вакво дело. Од друга страна, поврзаноста меѓу сопствениците на одделни медиуми и центрите на моќ често е на штета на новинарите што работат во овие медиуми.

*Во 2021 година, ЗНМ евидентираше случаи на откази на медиумски работници од националната телевизија Алфа ТВ пред крајот на 2021 година, кога менаџментот отпушти од работа шест вработени, кои беа и членови на Синдикатот. За овој случај, на 24 декември 2021 година, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) имаа заедничка прес-конференција на која остро реагираа за случувањата во Алфа ТВ. На прес-конференцијата беше истакнато дека овие отпуштања следуваа по протестот во телевизијата и претставуваат одмазда за синдикалните активности, односно барањата на медиумските работници за исполнување на нивните работнички права.*

## Б3 Уредувачка независност во јавниот радиодифузер

**Дали јавниот радиодифузен сервис има усвоен кодекс за однесување на новинарите и за уредувачка независност? Дали новинарите се придржуваат кон овој кодекс?**

Јавниот сервис усвои Етички кодекс за новинарите, креативните кадри и сите вработени во МРТ во 2017 година.[59] Овој Кодекс, кој е речиси шест години во сила, уште од почетокот наиде на критики од новинарската заедница поради содржината на документот, но и поради отсуството на транспарентност при неговата изработка. Најголемиот недостаток на Кодексот е мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи. Етичката комисија при МРТ, која е надлежна да го следи почитувањето на Кодексот, немала примено ниту една поплака во изминатиот период. Затоа ЗНМ во 2021 година побара измена на Етичкиот кодекс на МРТ и утврдување процедури за поднесување претставки и за начинот на работата на Комисијата за етика, кои би се објавувале на веб-страницата на МРТ.

56 *Изјава на новинар учесник во фокус групата организирана на 24.12.2021.*
57 *ЗНМ, „Кодекс на новинарите на Македонија“. https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/*
58 *СЕММ, „Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите – Примена на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата“, Скопје: 2020. Пристапено на: 26.12.2021. https://bit.ly/2RRdYZP*
59 *МРТ, „Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ“, Скопје: 2017. Пристапено на: 3.2.2022. https://bit.ly/3uL62ZC*

### Дали телата на јавниот радиодифузен сервис имаат поставено внатрешни организациски правила со цел да ја заштитат независноста на редакциите од влијанието на управните тела? Дали се почитуваат тие правила?

Јавниот сервис има усвоено свои внатрешни организациски акти, според кои, редакциите се и формално одвоени од управувачките структури. Сепак, на веб-страницата на Македонската радио-телевизија тешко можат да се пронајдат информации за правилата во внатрешната организациска поставеност и за работењето на нејзините органи и тела. Како и за минатите години, и за 2021 година може да се каже дека не се направени очекуваните темелни промени во внатрешната структура на јавниот сервис, кои требаше да бидат дел од процесот на медиумските реформи.

### Кои се најчестите форми на притисок што ги применува власта врз редакциите или индивидуалните новинари во јавниот радиодифузен сервис?

Не може да се каже дека МРТ или новинарите во нејзините редакции, во изминативе неколку години биле под директно влијание на власта. Сепак, во барањата за медиумски реформи, повеќепати беше нагласувано дека е потребна департизација на јавниот сервис, односно избор на нов независен Програмски совет и нови раководни органи. Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонската радио-телевизија, јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во висина од 0,8 отсто до 1 отсто од реализираните вкупни приходи во годината што претходи на фискалната година за која се утврдува износот. Средства се распоредуваат на следниов начин: 74,5 отсто за МРТ, за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој, 19,5 отсто за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и 6 отсто за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Дополнителен извор на средства за финансирање на МРТ се донации, продажба на програма и услуги, како и други средства. Владата на седницата одржана во декември 2021 година донесе одлука[60] да го зголеми буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација за 2022 година, во износ од 250 милиони денари наменети за реализација на програмските активности на Македонската радио-телевизија и со ова зголемување од 4 милиони евра, буџетот на МРТВ во 2022 година ќе изнесува 15 милиони евра. МРТ усвои петгодишна стратегија за развој, но процесот на реформи е отежнат поради доцнењето на именувањето нови членови во Програмскиот совет на МРТ и во Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На актуелните членови и на двете тела, мандатот им е веќе истечен. Во извештајот на Европската комисија се нагласува дека финансиската самостојност и изборот на раководните тела, според системот на заслуги, се двата основни предуслови за независноста на јавниот сервис.

## Б4 Уредувачка независност во непрофитниот сектор

### Дали медиумите од непрофитниот сектор имаат усвоено кодекс за однесување на новинарите и за уредувачка независност? Дали новинарите се придржуваат до овој кодекс?

Неколку онлајн-медиуми што се финансираат доминантно или во целост од донаторска помош и се занимаваат со истражувачко новинарство, како и едно радио што емитува содржини за млади на интернет, спаѓаат во групата непрофитни онлајн-медиуми. Исто така, непрофитни медиуми се и трите студентски радија што функционираат во рамки на трите државни универзитети (универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип), како и едно верско радио во Струмица. Редакциите на овие медиуми се мали и вклучуваат неколку новинари, кои работат на дневна основа, а финансирањето им е нестабилно и неодрживо. Дел од информативните непрофитни онлајн-медиуми се регистрирани како здруженија на граѓани и досега нема спроведено сеопфатна анализа за нивната работа и за статусот и независноста на новинарите во нив.

60 *Влада на РСМ, „Од 124-та седница на Владата: Владата ги „замрзна“ цените на основните артикли; Со прифатени дел од амандманите, Буџетот 2022 оди на усвојување во Собрание; Донесена Фискалната стратегија за 2022-2024 година“, Скопје: 2021.* https://vlada.mk/node/27162

Не постои посебен кодекс за однесување на новинарите во непрофитниот сектор, но во декември 2020 година, Советот за етика во медиумите (СЕММ) усвои насоки за етичко известување на онлајн-медиумите[61], кои, всушност, подетално ја разработуваат примената на основните етички принципи на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата. Покрај тоа, СЕММ и ЗНМ формираа Регистар на професионални онлајн-медиуми[62] во кој веќе членуваат 152 онлајн информативни медиуми, вклучувајќи ги и непрофитните. Најголемиот дел од овие медиуми го имаат прифатено или се однесуваат според Етичкиот кодекс и според Насоките за етичко известување во онлајн-медиумите, за чие спроведување се грижи СЕММ.

**Кои се најчестите форми на притисок врз медиумите во непрофитниот сектор? Кој е најилустративниот пример за притисоците врз медиумите во непрофитниот сектор?**

Притисокот кон непрофитните медиуми, од кои дел се занимаваат со истражувачко новинарство, е намален во споредба со периодот до 2016 година, кога новинарите и уредниците од овие медиуми честопати беа дискредитирани и грубо напаѓани во јавноста поради критичките текстови кон тогашната власт и моќници. Пример за притисок кон непрофитен медиум во изминатава година е случајот со Истражувачката репортерска лабораторија[63] на која со тужба и се закани поранешниот вицепремиер за економски прашања, Кочо Анѓушев, откако беше емитувана сторијата во која се споменува неговата инволвираност во увозот и користењето токсични масла.[64] Судската постапка за овој случај е сѐ уште во тек пред Кривичниот суд во Северна Македонија. Ваквите тужби се познати како стратешки тужби за спречување на јавно учество (SLAPP) и имаат цел да ги заплашат и финансиски да ги исцрпат тужените новинари или медиуми. Кога се иницирани од политичари и од носители на јавни функции, овие тужби можат да предизвикаат страв и самоцензура кај новинарите, а со тоа и нарушување на правото на граѓаните да бидат информирани.

*Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) постапи по упатената претставка од поранешниот вицепремиер за економски прашања Кочо Анѓушев во врска со видеосторијата „Заговор против воздухот“ изработена од ИРЛ за емисијата „Редакција“. Советот на честа ја разгледа претставката[65] за Сашка Цветковска, новинарка од ИРЛ, како авторка на емисијата „Заговор против воздухот“ објавена на МТВ. Во претставката се тврди дека Цветковска прекршила два члена од Кодексот и дека со својата непрофесионалност, неетичност имала намера да го наруши угледот на Кочо Анѓушев. Со оглед на сериозноста на тврдењето, Советот на честа побара одговор од ИРЛ, и по увидот во доставената документација и листата на комуникации, заклучи дека претставката е неоснована, односно дека нема прекршување на Кодексот на новинарите. Не е утврдено нарушување на Кодексот и од страна на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, која, исто така, го разгледа овој случај.*

## Б5 Слободата на новинарите во процесот на продукција на вестите

**Колкава слобода имаат новинарите во изборот на новинарски стории на кои ќе работат и во одлучувањето за тоа кои аспекти од една сторија треба да бидат нагласени? Колку често новинарите учествуваат во уредувањето и координирањето на редакциската политика?**

Според изјавите на соговорниците во интервјуата и во фокус групата, најголем дел од новинарите во текот на 2021 година имале слобода при изборот на темите за кои ќе известуваат.[66] Сепак, изборот на темите за известување во регионалните и во локалните медиуми е поголем проблем за новинарите поради малата средина во која функционираат овие медиуми, поради воспоставените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и други локални моќници, како и поради лошата финансиска состојба во која се наоѓаат овие медиуми. Отворено се зборува и за влијанието на дел од уредниците врз новинарите, со тоа што се нагласува дека влијанието врз секојдневното работење не

61 СЕММ, „Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите“. Пристапено на: 9.1.2022 https://bit.ly/3tg60bx
62 Регистар на професионални онлајн-медиуми во Република Северна Македонија https://promedia.mk/
63 ИРЛ, „ Заговор против воздухот или како Македонија остана последната европска депонија“. Пристапено на: 10.12.2021 https://bit.ly/3NNT1aE
64 Фокус, „Анѓушев ќе ја тужи ИРЛ за документарецот за спорниот мазут“. Пристапено на: 20.12.2021. https://bit.ly/3j4vpAc

65 ЗНМ, „Совет на честа при ЗНМ: Одговор на Претставка од Кочо Анѓушев за Сашка Цветковска“, Скопје: 2021. Пристапено на: 15.1.202 https://bit.ly/3luFLoh
66 Изјавата на една од учесничките во фокус групата организирана на 24.12.2021: „ Имаме целосна слобода, никаква цензура. Тоа многу ми помага да се изградам како новинар, но и да научам многу работи како всушност системот е нетранспарентен и тешко се доаѓа до вистинските одговори за кои се бориме да ги пренесеме на јавноста“.

е толку видливо, односно дека има повеќе самоцензура отколку директни притисоци.

### Каква е перцепцијата на самите новинари во однос на тоа колку им влијаат различни извори на влијание? Дали новинарите се подложни на самоцензура поради стравот да не ја загубат работата или поради други притисоци?

Новинарите велат дека најголем проблем претставува фактот што на сопствениците на медиумите тоа не им е основен бизнис. Најчесто, во заднина на медиумот постојат други фирми, кои, пак, се врзани со тендери со министерства и институции и од тој аспект постојат табу-теми за одредени медиуми. Таквата состојба е особено изразена во локалните медиуми. Во тој контекст, во текот на изминатава година, со оглед на тоа дека сè уште беше актуелна здравствената криза предизвикана од пандемијата, новинарите и медиумските работници чувствуваа уште поголема несигурност за својата работа, а тоа, пак, водеше кон демотивираност и самоцензура. Кај новинарите е доминантна перцепцијата дека во редакциите однапред се знае кои теми се прифатливи, односно кои теми уредникот ќе ги оцени како одлични, а кои ќе ги отфрли.

## Б6 Економска положба на новинарките

### Дали новинарките работат во полоши работни услови во споредба со нивните колеги новинари? Дали потпишуваат договори за работа исто толку често како и новинарите?

Општа оценка е дека положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од положбата на новинарите. Нема податоци за тоа колку новинари и новинарки имаат потпишано работни договори, но се смета дека работодавачите, генерално, кога станува збор за новинарки вработени на неодредено време, ги почитуваат основните права што им се пропишани со законот, какви што се исплатата на плати, породилното отсуство и платениот одмор. Сепак, факт е дека родовата дискриминација и неповолната позиција на жените, во споредба со таа на мажите, на работното место честопати не се препознава од страна на самите новинарки. Во изминатата година, ЗНМ и ССНМ немаат регистрирано случај на пријава од страна на новинарки за дискриминација на работното место.

## Дали жените се на водечки позиции во редакциите исто како и мажите?

Според исказите на самите новинари и новинарки, генерално, можностите на жените да се развијат како професионални новинари и да напредуваат во кариерата не се многу помали во споредба со можностите на нивните колеги новинари.[67] Но, за постоењето на т.н. „стаклен плафон“, или „невидливата бариера во хиерархијата што ги спречува жените или малцинствата да добијат позиции на повисоки нивоа“ говорат податоците за структурата на вработените во аудиовизуелниот сектор, кој ги објавува медиумскиот регулатор: во телевизиските редакции, новинарите се побројни од новинарките. Вкупниот број вработени во индустријата[68] на крајот на 2020 година изнесувал 2.587 лица, од кои 61 отсто биле мажи, а 39 отсто жени. Најголем дел од мажите (577 лица) биле реализатори, а дури половина од жените (509 лица) работеле како новинарки. Во телевизиите на државно ниво, кои емитуваат програма преку терестријален мултиплекс, биле вработени 60 отсто од лицата во редовен работен однос. Жените биле побројни меѓу новинарите, маркетингот и кај преостанатиот кадар, додека, пак, кај сите други работни места биле ангажирани повеќе мажи отколку жени. Најголема разлика имало кај реализаторскиот кадар, каде што биле ангажирани 319 повеќе мажи од жени.

Од друга страна, има медиуми како МИА (Медиумска информативна агенција) и ИРЛ (Истражувачка репортерска лабораторија), каде што „жените се побројни од своите колеги новинари, а имаат и значајна водечка улога во редакцијата“.[69]

## Колкави се нивните плати во споредба со платите на колегите новинари? Дали новинарките трпат специфични притисоци на родова основа во редакциите и надвор од нив?

Платите на новинарите се разликуваат во зависност од позицијата на новинарот, а нема разлика дали станува збор за мажи или жени. Според анализата на ССНМ[70], просечната нето-плата на новинарите во изминатите две години била 350 евра. Во 2020 година, мнозинството новинари и медиумски работници примале плата од 15.000 до 20.000 денари. Тоа значи дека 70 проценти од новинарите во Македонија добиваат месечна плата под просечната. Според податоците на Државниот завод за статистика[71], просечната месечна исплатена нето-плата по вработен, во ноември 2021 година, изнесувала 29.130 денари.

Во случаи на известување за сензитивни теми, новинарките трпат навреди и омаловажувања, кои го уриваат нивниот личен и професионален углед, со квалификации што се однесуваат единствено на жените, во пејоративно значење, засновани врз предрасуди и родови стереотипи. Станува збор за појава што индиректно се одразува врз нивната професионална иднина и врз нивниот приватен живот.[72] Најчесто овој тип проблеми е поврзан со цврсто втемелените патријархални родови улоги во општеството, но и со недостиг од јасни правила, процедури, интерни акти во самите медиумски организации, кои ќе отворат пат и ќе поставаат насоки за обезбедување родова еднаквост.

67 *Соња Трајковска Димитрова, „Структурната положба на жените новинари во медиумите во Македонија“, Скопје: МИМ, 2018, стр. 6. Пристапено на: 15.12.2021* https://bit.ly/3r29s9n
68 *АВМУ, „Структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2020 година“ Скопје: 2021. Пристапено на: 31.1.2022* https://bit.ly/3JddiTC
69 *Изјава на учесници во фокус група за одржана на 24.12.2021.*

70 *ССНМ, „Новинарите и медиумските работници со плата далеку под просечната“, Скопје: 2020. Пристапено на: 21.1.2021.* https://bit.ly/3tltpkd
71 *Државен завод за статистика, „Соопштение: Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен, јануари 2022 година“. Пристапено на: 21.1.2022* https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40
72 *Нита Старова, „Документ за Политики: Клучните Системски Празнини и Можни Решенија за Надминување на Јазот во Платите и Потенцијалните Проблеми со Хиерархиската Поставеност во Медиумите Базирани на Родовата Дискриминација“, Скопје: 2022.* https://bit.ly/3qZCDtV

# В

# Безбедноста на новинарите

## В1 Статистика за безбедноста и за неказнивоста

Според статистиката на ЗНМ, од почетокот на 2021 година беа забележани вкупно 5 напади и груби закани кон новинари, од кои 3 се кон новинарки. Споредбено, минатата година вакви инциденти имаше 14, што значи дека оваа година нападите и заканите се намалени. Но, новинарите и медиумските работници сè уште се чувствуваат несигурни поради инертноста на обвинителството и судството во решавањето на минатите случаи на напади. Иако новинарите генерално се побезбедни од порано, сепак има потреба од системски решенија што ќе гарантираат долгорочна заштита на правата и интегритетот на сите медиумски работници во земјава. Загрижува и фактот што има сè повеќе закани по животот на новинарите на социјалните мрежи. Во таа насока, се очекува Министерството за внатрешни работи (МВР) да вложи повеќе напор за санкционирање на сторителите, а за посериозните случаи да бара од Основното јавно обвинителство (ОЈО) да покренува и кривични постапки.

Инаку, во периодот од 2018 до 2021 година, во регистарот на ЗНМ се регистрирани вкупно 26 напади на новинари и медиумски работници, од кои три напади се забележани во 2018 година, во 2019 година се регистрирани четири, во 2020 година 14 , а во 2021 година 5 напади кон новинари и медиумски работници. Карактеристично е тоа што е зголемен бројот на вербални и онлајн-напади: од вкупно регистрирани 5 закани во 2021 година, дури четири биле упатени онлајн. Во последниве 15 години, органите не воделе истрага за убиство на новинар или медиумски работник во државава.

Во првата категорија напади – Закани и малтретирања што не се однесуваат на физичката безбедност на новинарите, спаѓаат трите случаи на вербален напад врз новинарките Џумадије Ибраими од ТВ Клан Македонија, Ферикан Илјази Арифи од Еуроњуз Албанија и Салије Садику од ТВ 21. Џумадије Ибраими се соочи со вербални напади од кандидатот на Алијанса за Албанците за градоначалник во Тетово, Вулнет Мурсели. Непосредно по завршувањето на телевизиска дебата, Мурсели, во улога на гостин, а во присуство на неколку новинари и други лица, ја клеветел новинарката Џумадије Ибраими[73] дека наводно го уценувала со 10.000 евра за таа да избрише извесна објава на Фејсбук. Според новинарката, мотивот за ширење на овие лаги се нејзините претходни текстови и објави за некоја приватна лабораторија, при што, тој барал од новинарката претходно да ги избрише сите свои објавени содржини за наводната лабораторија. Настанот се случил уште на почетокот на изборната кампања за локалните избори 2021, но поради фактот што Вулнет Мурсели бил директен учесник во овие избори, редакцијата на ТВ Клан Македонија и самата новинарка Џумадије Ибраими не реагирале во тој момент за тоа да не биде погрешно толкувано од страна на политичките партии.

Вториот случај е за новинарката Ферикан Илјази Арифи[74], која била вербално нападната од страна на член на избирачки одбор и претставник од МВР при известувањето за време на локалните избори минатата година. Иако новинарката уредно се претставила и носела ознака за новинар на видливо место, претседателката на изборниот одбор, Исније Мирта, на гласачкото место во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“ во Тетово не и дозволила да снима, а притоа со другите членови на одборот пред гласачи ја омаловажувала новинарката велејќи и „...не го знаеш законот и треба да ти е срам што го попречуваш изборниот процес“. Друг инцидент се случил во текот на денот, повторно во Тетово, во двор на средно училиште, каде што службено лице од МВР, за кое е веќе поднесена и пријава до СВР Тетово и Одделот за професионални стандарди, наместо да и овозможи на новинарката слободно да работи, ја попречувало во нејзината работа. Овој случај, исто така, е пријавен во МВР, но сè уште нема разрешница.

Третиот случај во оваа категорија е вербалниот напад кон Салије Садику[75], од страна на независниот кандидат за градоначалник на Општина Кичево, Фатмир Лиман. Додека новинарката Салије Садику известувала за локалните избори, се соочила со непријатна ситуација проследена со агресивен говор и обвинувања од страна на независниот кандидат од Кичево, Фатмир Лимани кон неа лично и кон телевизијата ТВ 21. Садику била присутна на настанот со цел граѓаните да ги информира за изборниот циклус, и наместо да добие одговор од кандидатот, таа била грубо навредувана, а потоа и исвиркана од толпата.

Во категоријата закани по животот и физичката безбедност на новинарите е регистриран напад[76] врз медиуми и закани кон група новинари од медиумите Без цензура, ТВ 21, Газета експрес, Тетова сот , Коха ТВ, Коха њуз, Куманова сот, ТВ Шења и Лајми прес, преку фејсбук-профилот на лицето Арбен Есати, при што била објавена содржина проследена со експлицитни закани кон новинари и медиумски работници од наведените медиуми.

Во категоријата реални напади врз новинари е регистриран нападот врз новинарската екипа на МИА[77] при известување од протест, кога неколку лица се обиделе да ја одземат опремата на екипата. Имено, за време на протестите на група граѓани за случајот „Монструм“ на 26.2.2021 година, имало турканици и обид да им се одземе опремата на членовите на екипата, при што снимателот бил турнат, а неговата опрема оштетена.

ЗНМ, минатата година повеќепати реагираше на недоличните и недозволивите настапи од страна на избрани и именувани функционери[78], нагласувајќи дека со тоа се повредува интегритетот на целата новинарска професија и дека јавните функционери, а особено лидерите на политичките партии, како и другите носители на јавни функции, треба да се воздржат од изјави што можат да се сфатат како етикетирање новинари и медиуми, бидејќи со тоа се поткопуваат демократските вредности и слободата на новинарската професија.

73 *ЗНМ, „Осуда за обидите за дискредитација кон новинарката Џумадије Ибраими од ТВ Клан “, Скопје: 2021. Пристапено на: 5.12.2021* https://bit.ly/3KBVMKs

74 *ЗНМ, „Претставки до ДИК и МВР за попречување на работата на новинарката Ферикан Арифи“ Скопје: 2021. Пристапено на: 7.12.2021* https://bit.ly/3rNGBFm

75 *ЗНМ, „Осуда за понижувачкиот однос на кандидатот Фатмир Лимани кон новинарката Салије Садику од ТВ21“, Скопје: 2021. Пристапено на: 10.12.2021* https://bit.ly/3FXtNS2

76 *ЗНМ, „Позитивно е што МВР постапи, чекаме и судска разрешница за заканите кон новинарите“, Скопје: 2021. Пристапено на: 15.12.2021* https://bit.ly/3FQvxfD

77 *ЗНМ „Остра осуда за нападот врз новинарската екипа на МИА“, Скопје: 2021. Пристапено на 20.12.2021* https://bit.ly/356E8OD

78 *ЗНМ, „ЗНМ го повикува градоначалникот Мерко да се извини на новинарите“, Скопје: 2021.* https://bit.ly/3K9sNNk

*Табела 2. Број на забележани напади врз новинари во 2021 година*

| Категории | Број | Опис |
|---|---|---|
| **Закани и малтретирања што не се однесуваат на физичката безбедност на новинарите**<br>Оваа категорија закани и малтретирања вклучува:<br>– надзор или следење;<br>– вознемирувачки телефонски повици;<br>– произволно судско или административно вознемирување;<br>– агресивни изјави од јавни службеници;<br>– други форми на притисок што можат да ја загрозат безбедноста на новинарите при извршувањето на нивната работа;<br>Овие видови закани не вклучуваат мобинг и насилство во работната средина. | 3 | – Закани и навреди упатени кон новинарката Џумадије Ибраими од ТВ Клан Македонија од страна на Вулнет Мурсели Закани<br>– навреди упатени кон Ферикан Илјази Арифи од Еурољуз Албанија од страна на член на избирачки одбор и претставник од МВР<br>– Закани и навреди упатени кон Салије Садику од ТВ 21 од страна на Фатмир Лимани |
| **Закани по животот и физичката безбедност на новинарите**<br>Овој тип закани вклучуваат:<br>– закани за убиство на новинари, пријатели на новинари, членови на нивното семејство или извори на информации;<br>– закани за физички повреди на новинари, пријатели на новинари, членови на нивното семејство или извори на информации;<br>Овие закани можат да бидат:<br>– директни или преку трети лица;<br>– испратени по електронски пат или директно лице в лице;<br>– имплицитни, но и експлицитни. | 1 | – Напад врз медиуми и закани кон група новинари од медиумите Без цензура, ТВ 21, Газета експрес, Тетова сот, Коха ТВ, Коха њуз, Куманова сот, ТВ Шења и Лајми прес од страна на Арбен Есати |
| **Реални напади врз новинари**<br>Видовите реални напади врз новинари може да вклучуваат сторена физичка или ментална повреда, киднапирање, влегување во домот или канцеларијата, запленета опрема, произволен притвор, неуспешен обид за атентат и сл. | 1 | – Напад врз новинарската екипа на МИА при известување од протест и обид за одземање опрема од страна на граѓани |
| **Убиства на новинари**<br>Убиства во вкрстен оган, атентати, убиства во експлозија на бомба, претепување до смрт итн. | 0 | |
| **Закани и напади врз медиуми и новинарски организации** | 0 | |

Во 2021 година, сè уште беше присутен трендот на обесхрабрување на новинарите за пријава на напади. Посебно загрижува зголемувањето на бројот на онлајн-напади врз новинарки и медиумски работнички.

## В2 Однесување на државните институции и политичките актери кон заштитата на новинарите

### Дали постојат посебни одредби во законите или други механизми што обезбедуваат заштита на новинарите, офлајн и онлајн?

Со новите измени и дополнувања во Кривичниот законик треба да се прошири надлежноста на обвинителството да постапува по службена должност за кривични дела поврзани со напади и закани кон новинари и да се зголемат казните кон напаѓачите.[79]

79 ЗНМ, „Драматичен пораст на напади кон новинарите – бараме итни решенија“, Скопје: 2020. Пристапено на: 12.12.2021 https://bit.ly/3fg9nbG

Предлогот подразбира нападите врз новинарите и медиумските работници да се гонат по службена должност, а не по приватна тужба како досега (член 14 од предлог-измените што се однесува на членот 144 од Кривичниот законик). За Основното јавно обвинителство (ОЈО), тоа ќе претставува олеснителна околност, бидејќи ќе може да ги гони сторителите на напади врз новинари по службена должност, како и за другите службени лица. Ова е особено важно бидејќи новинарите ретко се решаваат самите да тужат при физички напад или при закана по нивниот живот, поради стравот од реперкусии од страна на заканувачите и сторителите на нападите, како и поради високите финансиски трошоци при водењето на постапката. Овие измени и дополнувања на законот се уште во прво читање пред пратениците во Собранието.

Кон крајот на 2021 година, сепак, се случи една позитивна промена во работата на правосудните органи во однос на безбедноста на новинарите. Во август 2021 година, ЗНМ поднесе пријава до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР за недолично напишан коментар на официјалната фејсбук-страница на ЗНМ, со кој се напаѓаат сите новинари, врз основа на одредбата во Кривичниот законик со која се забранува ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат па компјутерски систем и предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминациска основа. Во барањето за кривично постапување од ЗНМ беше нагласено дека со ваквата содржина се поттикнува дополнителна омраза кон новинарите, што може да резултира и со насилство. Лицето што го напиша овој коментар беше осудено со условна казна затвор за делото „ширење омраза преку компјутерски системи.“[80]

## Дали постојат механизми за мониторинг и известување за закани, малтретирање и насилство врз новинарите? Дали државните институции објавуваат ажурирани податоци за нападите врз новинари и за неказнивоста?

Министерството за внатрешни работи има интерен регистар за напади врз новинари, но тие податоци не ги објавува јавно, и покрај тоа што ЗНМ неколкупати има укажано на таквата потреба. Здружението на новинарите на Македонија води сеопфатен и детален регистар на напади и закани кон новинари, кој редовно се ажурира и е јавно достапен на веб-страницата на ЗНМ.[81]

## Дали постојат документи (протоколи, правилници итн.) усвоени од страна на државните институции, кои обезбедуваат насоки наменети за војската и полицијата, во кои се забранува малтретирање, заплашување и физички напади врз новинарите?

Досега војската и полицијата немаат усвоени внатрешни документи што ги насочуваат своите припадници како да се однесуваат кон новинарите и што забрануваат закани, заплашувања или напади врз новинари. Во 2020 година, во рамки на проект спроведуван со Меѓународниот центар за превенција и борба против насилен екстремизам, ЗНМ, во соработка со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, изработи два документи: Упатство за професионално известување за насилниот екстремизам и тероризам[82] и Протокол за информирање за случаи поврзани со насилниот екстремизам и тероризам[83].

## Дали државните институции соработуваат со организациите на новинарите во однос на нивните безбедносни прашања? Дали државните институции се воздржуваат од одобрување или промовирање закани врз новинарите?

ЗНМ во 2021 година оствари соработка со неколку државни институции, кои покажаа подготвеност да се вклучат во подобрувањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници. Претставници на новинарските здруженија и на парламентите од Северна Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина потпишаа Декларација за унапредување на дијалогот меѓу парламентите и новинарските здруженија од Западен Балкан. Министерството за правда и ЗНМ изминатава година имаа редовни средби на кои се работеше на измените и дополнувањата на неколку закони што се клучни за безбедноста и слободата на новинарите.

*Со цел подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници/чки, во февруари*

80 *ЗНМ, „Условна казна затвор за коментар со омраза напишан на Фејсбук страната на ЗНМ“, Скопје:2021* https://bit.ly/3r0UeBA

81 *ЗНМ, „Итно е потребна системска заштита на медиумските работници/чки“ , Скопје: 2021 Пристапено на: 22.12.2021* https://bit.ly/3Au0yoP

82 *Марина Тунева, ЗНМ, „Упатство за професионално известување за насилниот екстремизам и тероризам“, Скопје: 2021.* https://bit.ly/3j0ev5I

83 *Никола Дујовски, ЗНМ, „Протокол за информирање за случаи поврзани со насилниот екстремизам и тероризам“, Скопје:2021.* https://bit.ly/3j4zCnM

*2021 година се реализираше вебинар како продолжување на настанот од ноември 2020 на тема: „Изменување и дополнување на Кривичниот законик: Решенија за зајакнување на безбедноста на новинар(к)ите“. На вебинарот учествуваа триесетина учесници, и тоа новинар(к)и, експерт од Советот на Европа, претставници/чки од Основното јавно обвинителство, претставничка од Министерството за правда, како и адвокати што застапуваат новинари пред судовите. Главниот заклучок од настанот беше дека само преку конкретни измени на Кривичниот законик, но и Законот за кривична постапка, преку проширување на надлежноста на обвинителството и на МВР да постапуваат по службена должност и преку зголемување на казните кон напаѓачите, системски ќе се подобри безбедноста и политиката на неказнивост кон новинар(к)ите и медиумските работници/чки.*

### Во случаи на електронски надзор, дали државните институции ја почитуваат слободата на изразување и приватноста? Кој е најскорешен случај на електронски надзор врз новинарите?

Освен големата афера за прислушувањето во 2015 година, кога стотина новинари беа на списокот за прислушување на тајната полиција, ЗНМ нема сознанија дека во 2021 година некој новинар бил изложен на електронско следење од властите. Пред Основниот граѓански суд – Скопје е поднесена тужба од 37 новинари, со која бараат отштета за неовластеното прислушување на нивните комуникации во одреден временски интервал. Новинарите ја тужат Република Северна Македонија, односно Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност (АНБ) како правен наследник на некогашната Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК), која претходно функционираше во рамките на МВР. Во контекст на овој судски спор, адвокатите сѐ уште чекаат Кривичниот суд да изрече второстепена пресуда за да продолжи граѓанската постапка.

## В3 Однесувањето на граѓанскиот и кривичниот судски систем кон заканите и насилството врз новинарите

### Дали постојат соодветни оддели во рамки на граѓанските судови кои се посветени на истраги и гонење на закани и дела на насилство против новинарите?

Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје, веќе четврта година по ред, не е во можност да даде детални информации во врска со фазата на постапување за предметите во кои новинарите се странка во предметот или жртви на напади. Нивното оправдување е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките. Сепак, на барање на ЗНМ, овој суд обезбеди некакви податоци за 2021 година: дека заклучно со 31 декември 2021 година имало вкупно дваесет активни предмети за делата клевета и навреда, во кои како странка се јавува новинар или медиум.

### Дали јавниот обвинител или Министерството за внатрешни работи издвојуваат соодветни ресурси за спроведување истраги што се однесуваат на закани и дела на насилство против новинарите?

Во судско-обвинителскиот систем во Македонија не постојат посебни одделенија што работат на истраги за случаите на напади и закани врз новинари. Не се применуваат посебни постапки ниту за случаите на напади и закани кон новинарки. Од друга страна, судството и обвинителството никогаш не се пожалиле до ЗНМ дека предметите на новинарите не можат да ги водат ефикасно поради недостиг од човечки или материјални ресурси. Поради тоа, ЗНМ побара Основното јавно обвинителство да формира посебно одделение, кое ќе ги гони напаѓачите на новинарите. Барањето беше аргументирано со ставот дека треба да се зајакнат капацитетите и ефикасноста на Основното јавно обвинителство, бидејќи во минатите години ретко се случуваше оваа институција да покрене обвинителен акт кон сторителите на нападите, а во случаите кога имаше покренато истраги, тие се одвиваа мошне бавно и неефикасно.

Традиционално, четврта година по ред, Здружението на новинарите на Македонија организира настан за одбележување на 2 ноември – Меѓународниот ден за прекинување на неказнивоста на злосторствата

против новинарите.[84] По тој повод беше одржан мирен протест и прес-конференција пред Основното јавно обвинителство[85], на која се обратија претседателот на здружението, Младен Чадиковски, и претседателот на ССНМ, Павле Беловски. Тие, во своите обраќања испратија пораки до јавноста и до политичките партии дека професионалните новинари на смее и не треба да бидат напаѓани за време на вршење на своите професионални задачи. Исто така, упатија барање до Основното јавно обвинителство, сите напади и закани врз новинарите и медиумските работници итно да се процесуираат и да се формира посебно одделение што ќе ги гони напаѓачите на новинарите, а посебен акцент беше ставен на нерешените случаи од 27 април, кога при упадот во Собранието на РСМ беа нападнати и повредени голем дел од новинарите што го следеа настанот во Парламентот.

## Дали се обезбедуваат соодветни мерки за заштита на новинарите во случаи кога е потребно, како одговор на веројатни закани врз нивната физичка безбедност?

Оваа година не бележиме случаи на физичко обезбедување од МВР за одделни новинари. Иако се соочуваат со страв, генерално, новинарите не сакаат да имаат физичко обезбедување бидејќи тоа може да влијае врз нивната слободна работа и обезбедувањето нови информации.

## Дали истрагите за кривичните дела врз новинарите, кои вклучуваат заплашувања и закани, се навремени, независни и ефикасни?

Во поглед на работата на институциите и расчистувањето на нападите врз новинарите постои извесна некоординираност и слабост во меѓуинституционалната комуникација, а таа е највоочлива меѓу МВР и ОЈО. Тоа влијае предметите, односно истрагите да траат предолго, дури и кога станува збор за очигледни предмети што можат лесно да се докажат. Случаите во кои се нападнати новинари сè уште многу тешко стигнуваат до судска разрешница и ретко се стигнува до поттикнувачите.

Бројот на целосно расчистени предмети на напади врз новинари е мал и тоа многу загрижува од аспект на неказнивоста на извршителите. Судска разрешница дочекуваат меѓу 5 до 10 проценти од регистрираните предмети на повреди на правата на новинарите што се наоѓаат во регистарот на напади на ЗНМ за последните пет години.

*На 29 декември 2021 година беше донесена судска пресуда во корист на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) за случајот каде што од профил на социјалната мрежа Фејсбук именуван како „Сашо Митев“ е напишан коментар под објава на фејсбук-страницата на ЗНМ. Според пресудата[86] од Основниот кривичен суд, Сашо Митев е виновен по член 394-г од Кривичниот законик и му се утврдува казна затвор од три месеци за делото „ширење омраза преку компјутерски системи, која нема да се изврши доколку не го повтори делото во рок од една година по правосилноста на ова дело. Ова е прв пример судот и обвинителството да завршат целосно постапка за онлајн-закана кон новинари.*

*Во декември 2020 година, Основниот граѓански суд во Скопје донесе пресуди со кои се одбиваат тужбените барања од страна на новинарките Наташа Стојановска и Душица Мрѓа, кои бараа надомест на штета од државата за повреда на нивните права за време на настаните во Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година. Овие тужби поднесени во рамки на правната помош што ЗНМ ја обезбеди за новинарите и медиумските работници, кои за време на тој настан беа нападнати или им беше уништена опрема. Ваквата пресуда ЗНМ ја оцени како показател за примена на двојни стандарди од страна на судот, кога се во прашање политичарите и новинарите. Во случајот со група нападнати политичари, Основното јавно обвинителство по службена должност покрена постапки и Кривичниот суд осуди група граѓани со затворски казни, а додека новинарите што беа нападнати мораа да покренуваат приватни тужби. Во судското образложение се наведува дека новинарите не доставиле доволно докази за да може да се утврди дека на 27 април 2017 година се случиле јавни демонстрации пред Собранието, иако тие имаат доставено видеозаписи во тужбата, а воедно постојат и огромен број новинарски објави на медиумите од критичниот ден.*

На средбите со МВР[87], ЗНМ постојано инсистираше на побрзи и поефикасни истраги на нападите врз новинари, но и за подобрување на условите за работа на новинарите и медиумските работници кога известуваат од просториите на оваа институција. По

84 *Ибид.*
85 *ЗНМ и ССНМ, „Селективната правда за 27ми април е неправда за граѓаните и новинарите“, Скопје: 2021.* https://bit.ly/3J7zG0z
86 *ЗНМ, „Условна казна затвор за коментар со омраза напишан на фејсбук-страницата на ЗНМ“, Скопје: 2021.* https://bit.ly/3IZloOk
87 *ЗНМ, „Секцијата на сниматели при ЗНМ на средба во МВР“, Скопје: 2019. Пристапено на: 22.1.2022* https://bit.ly/35Hsvyw

сугестија на ЗНМ, како и по укажувањето на тој недостаток во извештаите на меѓународните институции, Министерството за внатрешни работи почна да води евиденција на нападите врз новинарите и медиумските работници. ЗНМ со Народниот правобранител, во мај 2019 година потпиша Меморандум за соработка, преку кој двете институции се заложија да работат активно во иднина на теми поврзани со безбедноста на новинарите.

Во контекст на осудите на насилствата врз новинарите и повиците за побрзо расчистување на тие напади, Европската комисија, во годишниот извештај за напредокот на РСМ во 2021 година повторно го третираше прашањето за безбедноста и заплашувањата на новинарите и препорача: „Во овој дел потребно е да се примени пристап на нулта толеранција за заплашувањето, заканите и чиновите на насилство врз новинарите при вршењето на нивната професија и да се обезбеди сторителите да бидат изведени пред лицето на правдата. Случаите на физичко и вербално насилство и закани кон новинарите и медиумските работници се зголемија, додека нивните работни услови, особено работничките и социјалните права, остануваат тешки“.[88] Во Извештајот се препорачува и органите за спроведување на законот и Јавното обвинителство да ги следат инцидентите со новинари, но потребна е подобра координација меѓу различните институции за побрзо постапување по пријавените прекршоци и спречување на неказнивоста на сторителите.[89]

## Дали државата обезбедува соодветна обука за полицијата, обвинителите, адвокатите и судиите во однос на заштитата на слободата на изразување и новинарите? Дали ги организираат овие обуки во соработка со новинарските здруженија?

Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во соработка со ЗНМ, продолжи да спроведува обуки со новинари и претставници на правосудството во 2021 година, а освен тоа, теми поврзани со слободата на изразување, се дел и од редовниот курикулум за обуки на Академијата, наменети за судии и обвинители.

Во поглед на соработката со институциите, ЗНМ изминатата година беше во комуникација и одржа консултативни средби со речиси сите институции што треба да ја гарантираат безбедноста на новинарите, вклучувајќи ги претседателите на Основното јавно обвинителство, Основниот кривичен суд и Основниот граѓански суд, Уставниот суд и Министерството за правда.[90] Со цел да се намали процентот на неказнивост на нападите врз новинарите, ЗНМ соработуваше и одржуваше средби и со Државниот јавен обвинител.[91] На овие средби беа отворени повеќе прашања поврзани со унапредувањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници и ефикасноста на Основното јавно обвинителство во гонењето на тие што им се закануваат на новинарите и ги повредуваат нивните права. Беше нагласена и потребата за организација на заеднички обуки и работилници за новинари, судии и обвинители, со цел да се подобри известувањето на новинарите и постапувањето на обвинителите за случаи поврзани со слободата на говорот.

88 *Европска Комисија, „Извештај за Северна Македонија за 2021 година“, Стразбург: 2021. Пристапено на: 2.2.2022 https://www.sep.gov.mk/data/file/Pregovori/North-Macedonia-Report-2021-%D0%9C%D0%9A2.pdf*

89 *Европска комисија, „Извештај од Европската комисија за Северна Македонија за 2020 година“, Брисел: 2020. Пристапено на: 15.11.2020 https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657#.YAGhuthKjIU*

90 *ЗНМ, „ЗНМ со иницијатива за повеќесекторска соработка за подобрување на безбедноста на новинарите“, Скопје: 2021. Пристапено на: 26.1.2022 https://bit.ly/3J0hXbe*

91 *ЗНМ, „ЗНМ бара од ОЈО посебно одделение за решавање на напади кон новинари“, Скопје: 2020. Пристапено на: 10.10.2020 https://bit.ly/3bs0Ot6*

*Табела 3. Преглед на посериозни случаи на закани и напади врз новинари во изминатите 5 години*

| Година<br>Случај | 2017. | 2018. | 2019. | 2020. | 2021. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Новинарска екипа на МИА**<br>Напад на новинарска екипа при известување од протест и обид за одземање опрема | | | | | Обид за одземање на опремата и турканици, при што снимателот бил турнат, а неговата опрема оштетена. Нападот е од страна на граѓани, поднесена е пријава во МВР за нападот, нема разрешница. |
| Новинарски екипи од медиумите Без цензура, ТВ 21, Газета експрес, Тетова Сот , Коха ТВ, Коха њуз, Куманова сот, ТВ Шења и Лајми прес. | | | | | Закани по живот и напад врз медиуми и закани кон новинарите. Случајот е пријавен во МВР, кое достави известување до ЗНМ дека е поднесена кривична пријава против лицето, се чека на ЈО да постапи по пријавата. |
| **Новинарска екипа на ТВ 21**<br>По снимениот ТВ прилог за поплаките на жителите на Општина Арачиново за лошата инфраструктура, роднини на градоначалничката Миликије Халими упатиле вербални закани дека ќе им ја искршат камерата и барале снимките да бидат избришани. | | | Случајот не беше пријавен во полиција, но ЗНМ, во неколку наврати, ги повикуваше полицијата и Јавното обвинителство да отворат истрага. Сепак, Обвинителството одлучи да не постапува по допрен глас. | | |
| **Насер Селмани**<br>Новинарот и тогашен претседател на ЗНМ примил порака со смртни закани од Бејтула Асани, брат на Бекир Асани, кој е поврзан со владејачката политичка партија ДУИ. | | Случајот е пријавен во полиција, а Обвинителството има отворено истрага. Досега се повикани да дадат исказ и Насер Селмани и закануvачот. | Случајот е во тек пред Основното јавно обвинителство. | | |
| **Арманд Брахо**<br>Насилници од редовите на партијата Алијанса за Албанците го нападнале новинарот Арманд Брахо за време на конференција, на која тој бил уредно поканет. | | Случајот е пријавен во полиција. Судот ги казни напаѓачите со парична казна. | | | |

| Година<br>Случај | 2017. | 2018. | 2019. | 2020. | 2021. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Група новинари**<br>Повеќе новинари и медиумски работници беа нападнати од толпата што насилно влезе во Парламентот на 27.4.2017 година. | Случајот е пријавен во полиција. Обвинителството нема преземено никакви мерки. | Обвинителството ги гони лицата што нападнаа политичари, а не ги гони лицата што нападнаа новинари и медиумски работници. | Адвокатите на ЗНМ застапуваат 7 новинари и во нивно име ќе поднесат 4 тужби од кои 3 се поединечни и една е групна за 3 новинари. | | Адвокатите на ЗНМ чекаат второстепена пресуда од Кривичен суд за да продолжи граѓанската постапка. |
| **Владимир Желчески и Александар Тодоров**<br>Двајцата новинари, известувајќи на големиот протест „За заедничка Македонија“, биле физички нападнати од непознати лица – учесници на протестот, бидејќи не припаѓале на провладин медиум. Биле удирани повеќепати, поради што претрпеле телесни повреди, по што биле задржани во болница 24 часа. | Случајот е пријавен во полиција и Јавното обвинителство има отворено истрага. | Судот изрече казна затвор од 6 месеци за напаѓачите. | | | |
| **Мери Јордановска**<br>Емил Јакимовски упатил закани и навреди кон новинарката и заменик-уредничка на порталот А1он, Мери Јордановска. Според пораките што ги објави Јордановска, заканувачот со погрдни зборови ја навредувал притоа заканувајќи се дека „ќе ја искреира на некролог“. | | | | Обвинителен предлог за кривично дело загрозување на сигурноста, за заканувачките пораки упатени преку социјалната мрежа Телеграм. Пресуда К. бр. 212/20 од 16.3.2020 година, со која е осуден на казна затвор во траење од 1 година и 8 месеци. Против пресудата е поднесена жалба, но жалбата е одбиена и пресудата е потврдена од второстепениот суд. | |

# Заклучоци и препораки

## ЗАКЛУЧОЦИ

Во 2021 година беше направен позитивен чекор бидејќи беа изработени измените и дополнувањата на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и Кривичниот законик. Беа прифатени речиси сите забелешки на ЗНМ за намалување на висината на надоместокот за нематеријална штета при утврдена вина на новинар и дополнување на деловите за исклучување од одговорност за клевета и навреда. Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик, иницирани од ЗНМ и новинарскиот синдикат, беа инкорпорирани барањата за системска заштита на новинарите и медиумските работници, со тоа што нападот врз новинар и медиумски работник ќе се третира како напад кон службено лице, што значи дека ОЈО ќе постапува по службена должност, а казните кон напаѓачите ќе бидат зголемени.

Прашањето што загрижува од аспект на заштитата на политичкиот плурализам е платеното политичко огласување, кое не е експлицитно забрането во период надвор од избори, а за време на изборна кампања се покрива со средства од Буџетот. Ставот на ЗНМ е дека платеното политичко огласување во медиумите треба да се укине во кој било период бидејќи на тој начин се „поткупуваат“ сопствениците на медиумите, оваа практика има негативно влијание врз уредувачката политика на медиумите, а се „изместува“ и балансот на спротивставени гледишта во јавната сфера. ЗНМ се спротивстави и на евентуалните измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои би било дозволено огласување на јавните институции во аудиовизуелните медиуми. Тоа би

ја довело состојбата во медиумската индустрија на нивото од пред пет години, кога со државни средства, на нетранспарентен начин беа плаќани астрономски суми во медиумите без никакви критериуми. Реформите на јавниот радиодифузен сервис речиси не се ни почнати, а финансиската независност и одржливост на јавниот радиодифузер остануваат отворено прашање. Особено е важно да се најдат решенија за старите долгови на јавниот радиодифузен сервис кон државните институции.

Општа оценка е дека во 2021 година, социо-економската положба на новинарите беше дополнително влошена поради пандемијата, односно поради намалувањето на приходите од огласување во целиот медиумски сектор. Работниот статус на многу новинари, особено во приватните медиуми е несигурен, бидејќи новинарите главно имаат договори на определено време или хонорарни договори, не им се исплаќа надоместокот за пензиско и социјално осигурување, примањата им се ниски, а не им се почитуваат и другите работни права. Поради тоа, новинарите се многу ранливи на притисоци, како од менаџерските структури, така и од сопствениците и политичарите. Притисоците најчесто се суптилни и малку видливи, новинарите се воздржуваат од отворено говорење за овие појави и ретко пријавуваат кога им се прекршуваат основните права. Иако се оценува дека новинарите во редакциите генерално имаат поголема слобода, сепак има многу влијанија врз секојдневното работење кои не се толку видливи, односно има повеќе самоцензура отколку директни притисоци. Најлоша е позицијата на новинарите во локалните и во регионалните медиуми, поради тоа што овие медиуми се во лоша финансиска состојба, а освен тоа во малите средини, локалните моќници можат полесно да вршат притисок. Работниот статус и положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од онаа на нивните колеги новинари, со исклучок на тоа што на раководните позиции во медиумите има помалку жени.

Во 2021 година, бројот на напади кон новинарите беше намален. Но, иако бројот на вербални и физички закани се намалува, загрижува фактот што новинарите и медиумските професионалци се сѐ почесто предмет на закани и малтретирања на социјалните мрежи, од кои дел беа сериозни закани по физичката безбедност на новинарите што работат на истражувања на корупција и други негативни општествени појави. Важно е да се одбележи дека во декември 2021 година беше донесена судска пресуда во корист на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) за онлајн-закана кон сите новинари напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Ова е прв пример обвинителството и судот да истражат и да санкционираат сериозна онлајн-закана изречена кон новинари. Неказнивоста сѐ уште е голем проблем, бидејќи надлежните институции не соработуваат доволно и ретко кога покренуваат обвинителни акти кон сторителите на закани или напади, а во случаите кога се покренати истраги, се водат бавно и неефикасно. Особено загрижува говорот на омраза и етикетирањето новинари и медиумски работници од страна на политичари и други носители на јавни функции. Покрај тоа, надлежните институции и судовите сѐ уште не водат доволно ажурна евиденција за заканите и нападите врз новинари, ниту, пак, ги објавуваат ваквите податоци. Сепак, позитивно е што надлежните институции се отворени за соработка со ЗНМ и низ заедничките консултации покажуваат подготвеност да се работи на подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници преку поажурно преземање мерки и гонење на сторителите на напади и закани.

## ПРЕПОРАКИ

Законски интервенции и подобрување на имплементацијата на законите:

- Спроведување на постапката на избор на членови на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ од страна на Собранието на РСМ. Постапката треба да биде спроведена на транспарентен начин, со јавно сослушување на сите кандидати, а притоа треба да се задржи принципот на двотретинско мнозинство при одлучувањето на Собранието.
- Потребна е анализа на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на други релевантни закони од аспект на подобрување на финансиската состојба на приватните медиуми и воведување механизми за даночно олеснување и слични бенефиции за медиумите.
- Потребно е да се отвори дебата за евентуално формирање фонд за медиумите, особено за целите и критериумите на финансиската поддршка (поттикнување програмска разновидност, подобрување на статусот на новинарите и др.), начинот на распределба на средствата, независноста и објективноста во спроведувањето на постапката.
- Потребни се измени и дополнувања на Изборниот законик со кои ќе се поедностават правилата за медиумската кампања и ќе се намали можноста од злоупотреба на платеното политичко огласување во приватните медиуми.
- Иницирање на измена и дополнување на Етичкиот кодекс на новинарите во јавниот сервис МРТ за зајакнување на внатрешната саморегулација во овој медиум.

Зајакнување на безбедноста на новинарите:

- Изгласување во Собранието на измените и дополнувањата на Кривичниот законик во две насоки: 1) Измена и дополнување на одредбите со кои се дефинира говорот на омраза во согласност со праксата на ЕСЧП, и 2) Измена и дополнување во делот на овластувањата на ОЈО за постапување по службена должност при напад на новинар и/или медиумски работник, како и предвидување повисоки казни за престапниците, како и изгласување и усвојување на измените и дополнувањата во Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда во кој е намалена нематеријалната штета за новинарите
- Формирање ново одделение во рамки на ОЈО, кое ќе биде задолжено само за постапување по предмети кои се однесуваат на повреда на правата на новинарите и на медиумските работници, на нивната безбедност, како и на експлицитниот говор на омраза кон нив.
- Воспоставување посебни регистри за случаи на тужби против новинари, во рамки на основните граѓански и кривични судови, вклучувајќи го и ОЈО.
- Ефикасно имплементирање на законите за подобра безбедност на новинарите и медиумските работници.
- Континуиран процес во градењето на капацитетите на новинари, адвокати, судии и обвинители на теми поврзани со санкционирањето на нападите врз новинари, и општо толкувањето на член 10 од ЕСЧП.
- Подобрување на соработката со новоизбраните претставници на Собранието на РСМ на теми поврзани со слободата на изразување и медиумските политики.
- Продолжување на лобирањето на ЗНМ за воведување протоколи и унапредување на внатрешните процедури во институциите, со цел превенирање на насилството кон новинарите и негово ефикасно санкционирање.
- Во соработка и поддршка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, да се подобри соработката со Народниот правобранител, во насока на зголемување на соработката помеѓу ЗНМ и институција во заштитата на правата на новинарите.

Подобрување на работничките права на новинарите:

- Продолжување на напорите на ССНМ, со поддршка на ЗНМ, во потпишувањето нови колективни договори со приватните медиуми.
- Спроведување кампањи и обуки, преку кои новинарите и медиумите би се запознале повеќе со своите основни работнички права.
- Да продолжи обезбедувањето правна помош и советодавни услуги на новинари и медиумски работници од страна на еснафските новинарски здруженија.
- Интензивирање на соработката и дијалогот со институциите во интерес на заштитата на работничките права на новинарите и медиумските работници.